ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА
ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА
„ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ“

# БИЛТЕН

НА ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

ISSN 2955-2486

Heidelberg
FACULTY OF SKOPJE

СКОПЈЕ, 2024 година

Издавач: Приватна високообразовна установа Висока стручна школа
„Хајделберг факултет во Скопје“
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Синиша Наумоски
Уредник на продукција: м-р Тања Н. Тренески
Техничко уредување: м-р Даниела Стефаноска

## СОДРЖИНА

**Страна**

РЕФЕРАТ за избор на наставник во звање ПРОФЕСОР од научно-истражувачко поле Економски науки и управување и научна област Банкарство.............................. 4

РЕФЕРАТ за избор на наставник во звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Организациски науки и управување и научна област Бизнис менаџмент ... 12

РЕФЕРАТ за избор на наставник во наставно звање ПРЕДАВАЧ во научно-истражувачко поле Економски науки и научна област финансии ................................ 16

РЕФЕРАТ за избор на наставник во научно звање ВИШ ПРЕДАВАЧ во научно-истражувачко поле Компјутерска техника и информатика и научна област Бази на податоци ........................................................................................................................................ 19

РЕФЕРАТ за избор на наставник во научно звање ПРЕДАВАЧ во научно-истражувачко поле Компјутерска техника и информатика и научна област Програмски јазици и технологии ........................................................................................ 25

РЕФЕРАТ за избор во наставно звање професор од научно-истражувачко поле Организациски науки и управување и научна област Бизнис менаџмент ................ 29

РЕФЕРАТ за избор на наставник во научно звање ВИШ ПРЕДАВАЧ во научно-истражувачко поле Компјутерска техника и информатика и научна област Програмски јазици и технологии ........................................................................................ 41

РЕФЕРАТ за избор во наставно звање предавач од научно-истражувачко поле Организациски науки и управување и научна област Бизнис менаџмент ................ 44

РЕФЕРАТ за избор на наставник во звање професор од научно-истражувачко поле Организациски науки и управување и научна област Бизнис менаџмент ................ 48

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ПРОФЕСОР ВО ОБЛАСТ БАНКАРСТВО НА ВИСОКАТА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 20.03.2024 година, по пријавата на д-р Синиша Наумоски за избор на наставник во звање ПРОФЕСОР од научно-истражувачко поле Економски науки и управување и научна област Банкарство, се состана во следнот состав: Проф д-р Благоја Спиркоски, претседател, Проф д-р Зоран Колев, член и Проф. д-р Гордана Лажетиќ, член.

Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот д-р Синиша Наумоски и го поднесува следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

### Биографски податоци

Од автобиографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот д-р Синиша Наумоски е роден на 25.12.1982 година во Охрид. Основното обрзование го завршил во Кичево. Средното образование го завршил исто така во Кичево со континуирано одличен успех. По завршување на средното училиште се запишува на Економскиот Факултет при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, на насока – сметководство, финансии и ревизија и успешно го завршува во 2006 година.

Истата година, се запишува на последипломските студии на Економскиот институт во Скопје, каде што ги полага сите предвидени испити по што изработува магистерски труд на тема "Финансиските извештаи во функција на донесување менаџерски одлуки во претпријатијата" и се стекнува со научен степен Магистер по економски науки.

Следната 2007 година се запишува на магистерски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје на Школата за менаџмент во јавно здравство при Медицинскиот Факултет во Скопје, под менторство на Израелската школа за менаџмент во јавно здравство, каде станува магистрант на медицински науки со просек на студиите 10 (десет). Кандидатот по завршување на последипломските студии се запишува на докторски студии на Економски Институт во Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје, каде на 01.02.2012 година, по успешна одбрана на докторска дисертација, на тема "Современи концепти на ревизија на финансиски извештаи и ревизија на успешност во комерцијалното банкарство" се стекнува со научен степен - Доктор на економски науки.

Од 16.02.2004 година до 02.09.2007 година, д-р Синиша Наумоски работи во сметководствено - финансиска институција „НАУМОСКИ конслатинг", на позиција – сметководител, каде своето теоретско знаење го надградува со практична работа во делот на: менаџирање на вработените во компанијата, давање консултантско-финансиски услуги во ЕСМ Сепарација; изготвување на годишни

финансиски извештаи; изготвување на бизнис планови на мали субјекти и давање консултантски услуги за инвестициони активности.
Од јануари до мај 2008 година, кандидатот е вработен во „Triple S Learning Canter“ во Скопје, на позиција менаџер за продажба и тренер, каде што во текот на работата, присуствувал на обуките на најголемите светски гуруа, и тоа: Брајан Трејси и проф. д-р Рајделстрал (Ridelstrale) во Скопје. Веќе од Јуни, 2008 година се вработува во генералната дирекција на ТТК Банка АД Скопје во секторот за контролинг и потоа во секторот за банкарски операции во банката во Дирекцијата за поддршка на корпоративно кредитирање.
Во Април 2009 година, д-р Наумоски преминува во една од најголемите компании за ИТ во регионот (официјален партнер на Microsoft во Македонија), СЕМОС групација Скопје, на позицијата – Финансиски директор и контролинг. Таму работи до 2011 година, каде потоа поради обврски на Универзитет станува надворешен консултант на групацијата СЕМОС. Позицијата консултант кандидатот ја обавува и во сметководствената куќа „ГЕМ сметководствена куќа“ ДОО Скопје, која работи како сервис за сметководствени и даночни услуги на компаниите во Скопје (со над 100 клинети во стопанскиот сектор) со повеќе од 20 години искуство.
Од ноември 2008 година, кандидатот работи како надворешен предавач во високообразовната установа „Еуро Колеџ“ во Куманово, каде што, од 2011 година до денес е во редовен работен однос и е избран во 2017 година во звање вонреден професор на Скопје Метрополитан Колеџ - филијала на „Еуро Колеџ“ Куманово.
Од февруари 2014 година до 2023, д-р Синиша Наумоски како иницијатор за формирање, станува извршен директор член на Академскиот Совет на првата независна македонска банкарска академија „Академија за банкарство и информатичка технологија – АБИТ“ од Скопје. Покрај тоа, тој е главен уредник на стручно-научно меѓународно списание за финансии „е-Банкар“. Денес, во АБИТ е раководител на специјализациите по контролинг и сметководство, заедно со проф. д-р Роналд Глеих од Универзитетот „Frankfurt School of Finance & Management“.
Во неговата научна и образовна кариера, д-р Наумоски, од 2012 до 2013 година, соработувал како надворешен предавач – професор на Меѓународниот Славјански Универитет во Свети Николе и Битола, по прдметните дисциплини: ревизија и контрола и Финансиско сметководство. Исто така, од 2013 до 2014 година, како и од 2023 година до денес, кандидатот е надворешен соработник – професор на Американскиот универзитет во Европа - ФОН.
Од ноември 2018 година до денес, д-р Синиша Наумоски е член на Советот во Народната банка на Република Северна Македонија (НБРСМ). Исто така, од 2020 година до денес, станува претседател и го води највисокото тело за ревизија во НБРСМ - Комитет за ревизија.
За неговиот допринос во стручното извршно образование добива позиција како професор на германскиот Институт за бизнис и менаџмент ХАЈДЕЛБЕРГ во Скопје.
Кандидадтот има повеќе од 16 години работно искуство како професор (предавач) на факултет и 20 години практична работа во финансии, сметководство и претприемништво. Носител е на германска лиценца за тренер за „Controlling“, како и носител на лиценца за овластен тренер за принципите на успех, од страна на Фондацијата „Наполен Хил“ од Верџинија (САД). Д-р Синиша е автор на повеќе книги.

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

Д-р Синиша Наумоски својата наставно образовна дејност ја започнува во мај 2008 година, како вработен во сертифициран тренинг центар „TripleS Learning Canter“ во Скопје. Имено, кандидатот одржува обуки на вработени во компании во тимови. Во тој период присуствувал и одржал над 30 обуки за 200 вработени за услуги на купувачите (АД Макпетрол Скопје, Еуролинк осигурување, НЛБ Банка АД Скопје, Групацијата T-home и др.) за добивање напредни вештини за продажба и унапредување на услуги.

Понатаму, од Октомври 2008 година, својата наставно образовна дејност д-р Наумоски ја продолжува како асистент-предавач (соработник во високо образование) на Високообразовна Установа за Бизнис студии „Еуро Колеџ“ во Куманово. Денес, на истата Високообразовна Установа за Бизнис студии „Еуро Колеџ“ е во редовен работен однос како Доцент – професор избран на 18.09.2012 година, согласно Одлука на наставно-научниот совет, по предметните дисциплини: Бизнис сметководство, Сметководствен менаџмент и Менаџмент на финансиски ресурси.

Имено, согласно одредбите на Законот за Високо Образование и од статутот на Приватната Високообразовна Установа за Бизнис студии „Еуро Колеџ“, на ден 18.09.2012 година, на седница на наставно-научен совет се пристапи кон разгледување на рефератите од рецензионата комисија за избор на наставници. После тоа, беше донесена Одлука за прем на наставникот д-р Синиша Наумоски врз основа на рефератите на рецензионата комисија, како **доцент** во редовен работен однос на Високообразовна Установа за Бизнис студии „Еуро Колеџ“.

Од Август 2012 година до Септември 2014 година, д-р Наумоски работи како надворешен соработник – доцент професор на Меѓународниот Славјански Универзитет, по предметните дисциплини: Сметководствена пресметка и анализа и Контрола и ревизија. Од Јули – Август 2013 година, кандидатот е визитинг предавач на високорангиран Универзитет од Република Полска, на покана на проф. д-р Роберт Гора, Декан на Економскиот факултет при Универзитетот за информатичка технологија и менаџмент од Жешов (University of Information Technology and Management" in Rzeszow).

Од Септември 2013 година до Февруари 2014 година, д-р Наумоски е надворешен соработник со Бизнис тренинг центарот Clear View кој е официјален претставник на "Adizes школата за менаџмент" (една од најдобрите во САД основана од Проф. д-р Adizes). Од Јануари 2011 година до 2014 Февруари, предавач во центарот за обука на кадри КДС – обука за Финансиско сметководство и Анализа на финансиски извештаи.

Од Јули 2013 до денес, работи како надворешен соработник - професор на Американскиот Универзитет во Европа - ФОН.

Д-р Наумоски, од Јануари 2014 година до денес е предавач на Академијата за банкасртво на програмата „Certified Accounting Specialist“ акредитирана од Министерството за образование и наука, а под менторство на EBTN (European banking and financial services training association) од Брисел. Исто така, од 2016 година до денес, кандидатот е предавач на Академијата за банкарство на програмата „Certified Controller“ акредитирана од Министетрвото за образование

и наука на Р. Македонија, а под менторство на International Group of Controlling – IGC.
Д-р Наумоски, од Јануари 2014 година до денес е рецензент на повеќе десетици меѓународни научни трудови во меѓународното научно списение „e-Finance“ од Република Полска, како и автор и уредник на стотици трудови во стручно-научно меѓународно списание за финансии „е-Банкар“.

Кандидатот во својата надградба на научно истражувачка дејност се појавува како автор или ко-автор со повеќе истакнати професори, на повеќе високообразовни институции во изработка на повеќе учебници.

Д-р Синиша е автор или ко-автор на повеќе книги, меѓу кој поистакнати се следниве:

1. Финансиски Контролинг (Анализа на финансиски извештаи во функција на контролингот), д-р Синиша Наумоски, ПНУ Хајделберг Институт за бизнис и менаџмент Скопје (2024);
2. Анализа на финансиски извештаи во банки, (во подготовка) д-р Синиша Наумоски, АБИТ Скопје;
3. Ревизија на успешнот, д-р Синиша Наумоски (во подготовка), ПНУ Хајделберг Институт за бизнис и менаџмент Скопје;
4. Екстерна ревизија во комерцијалното банкарство, д-р Синиша Наумоски, Академија за банкарство и информатичка технологија АБИТ Скопје (2018, во печат);
5. Менаџмент на финансиски ресурси, проф. д-р Драгољуб Арсовски и д-р Синиша Наумоски, АБИТ Скопје (2016);
6. Прирачник за Финансиско сметководство, д-р Наумоски Синиша, АБИТ - Скопје (2015);
7. Практумум за бизнис сметководство, д-р Наумоски Синиша (2013) ПВПУ Еуро Колеџ Куманово;
8. Сметководствен менаџмент (II издание), д-р Наумоски Синиша Еуро колеџ - Куманово (2013);
9. Менаџмент на финансиски ресурси (2013) д-р Наумоски Синиша ПВПУ Еуро Колеџ – Куманово;
10. Современи концепти на ревизија, д-р Синиша Наумоски и д-р Билјана Ангелова, Меѓународниот Славјански Унивезитет Г.Р. Державин Република Македонија (2012);
11. Сметководствен менаџмент, д-р Наумоски Синиша Еуро колеџ - Куманово (2011);
12. Финансиски извештаи во функција на менаџментот, Наумоски Синиша (2011), Графомак: Кичево;
13. Прирачник за изготвување на паричен тек, м-р Наумоски Синиша (2009) Графомак: Кичево;
14. Финансирање со емисија на акции на пазарот на капитал, м-р Наумоски Синиша (2009), Графомак: Кичево.
15. Информациите од Билансот на успех во функција на менаџментот, Скопје (2009).

16. Користности и ограничувања на информациите од Билансот на состојба, Скопје (2009).

Во период на изборот за Доцент и пред изборот во вонреден професор, кандидатот д-р Синиша Наумоски е автор на повеќе трудови во меѓународни списанија, и тоа:

1. "Basel III in function of increasing the shareholders capital" (2018), http://www.e-finanse.com/review-guidelines.php
2. "Information from the balance sheet in the function of the controlling" (2018), http://www.e-finanse.com/review-guidelines.php
3. "Information from the income statement in the function of the controlling" (2018), http://www.e-finanse.com/review-guidelines.php
4. "Report on cash flows and the information given for the controlling needs, (2018), http://www.e-finanse.com/review-guidelines.php
5. „Controlling and Organizational Development" (2015), http://abit.edu.mk/e_bankar/E-bankar_2.pdf
6. „Reporting: Factor of Success " (2015) http://abit.edu.mk/e_bankar/E-bankar_3.pdf
7. „Controller's Function and practices in Macedonian companies - practical aspects" (2015) http://abit.edu.mk/e_bankar/E-bankar_4.pdf
8. „The influence of currency risk upon the market value of commercial banks operating in the EU banking sector" (2015), http://www.e-finanse.com/review-guidelines.php
9. „The role of companies' internal control system in fraud prevention", (2015), http://www.e-finanse.com/review-guidelines.php
10. „Risk management in times of economic crisis" (2014), http://www.e-finanse.com/review-guidelines.php
11. „Are there two types of business cycles? A note on crisis detection" (2014) http://www.e-finanse.com/review-guidelines.php
12. „The extent of disclosure of trade companies' costs in annual reports on the example of it branch – pilot studies" (2014) http://www.e-finanse.com/review-guidelines.php

## Стручно апликативна и организациско – развојна дејност

Значајно е да се обележи учеството на кандидатот на истакнатите меѓународни конференции за финансии и банкарство во земјите членки на ЕУ и пошироко:

1. 26 Јуни 2014 Хелсинки (Финска), учество на меѓународната конференеција на „EBTN (European banking and financial services training association - Brussels)";
2. 07 Јануари, 2015 Франкфурт (Германија) Учество на меѓународната конференеција на „EBTN (European banking and financial services training association - Brussels)";

3. 09 Февруари Брисел 2015 (Белгија), Учество на меѓународна научна конференција на (WSBI – ESBG) World Saving & Retail Banking Institute – European Savings & Retail Banking Group;
4. 06 Јули 2015 Барселона (Шпанија) Учество на меѓународна конференција во организаицција на „Institut d'Estudis Financiers (Spain)“;
5. 24 Септември, 2015 Брисел (Белгија), учество во меѓунардона коференција „European Foundation Certificate in Banking“;
6. 23 Октомври, 2015 Тел Авив (Изрел), Учество на меѓународна конференција за глобална трилатерална политика.
7. 22 Јанури, 2016 Рим (Италија), Учество на меѓународната конференеција на „EBTN (European banking and financial services training association - Brussels) за официјално воведување на „Triple E“ стандардот во земјите челнки на ЕУ.
8. 03 - 08 Март, 2016 Москва (Русија), Учество на меѓународна конференција за глобална трилатерална политика.
9. 09 -11 Март, 2016 Љубљана (Словенија), Учество на меѓународна конференција за Controlling, „School of Controlling“ Љубљана
10. 13-14 Април, 2016 Љубљана (Словенија), Учество на меѓународна конференција за Controlling, „School of Controlling“ Љубљана.
11. 15 Април, 2016 Грац (Австрија), Учество на меѓународна конференција за Controlling, „Controller Akademie® “ Минхен (Р. Германија).
12. 20 јуни, 2016 Минхен (Германија) Учество на меѓународна конференција за Controlling, „Controller Akademie® “ Минхен (Р. Германија).
13. 14 Октомври 2016, Учество на меѓународна конференција за сметководство и Controlling, „Controller Akademie® “ Минхен (Р. Германија).
14. Од 20 јануари до 8 февруари 2017 година, учество на конференција во САД во Вашинтон и Њујорк во организација на „The World Banking Institute“ Washington DC на тема: Современи концепти за менаџерско сметководство во банки и стопанство“;
15. Од 24 – 29 Март, 2017 учество на конференција во Хаг (Холандија) во организиаицја на „The World Banking Institute“ The Hague Холандија.
16. Од 21 – 27 Април, Учество на меѓународна конференција за сметководство и Controlling, „Controller Akademie® “ Минхен (Р. Германија).
17. На 07 Ноември, 2017 година (Скопје) учесник и организатор на првата меѓународна конференција за спречување на перење пари (AML) и финансирање на тероризам (CFT) на тема: „Примена на иновативни практики во AML & CFT“.
18. На 02 Февруари, 2018 година (Скопје) учесник и организатор на меѓународна конференција за Controlling, на тема: „International standards in controlling - implementation in practice“
19. Во 2019 година (Скопје) учесник и организатор на 2-рата меѓународна конференција за Controlling, на тема: „Модерно планирање и буџетирање“
20. Во 2020 година (Скопје) учесник и организатор на третата меѓународна конференција за Controlling, на тема: „Ефективен стартешки и оперативен контролинг во време на корона криза“

21. Во 2021 година (Скопје) учесник и организатор на Балканската недела за бизнис, во која, се реализира четвртата меѓународна конференција за Controlling, на тема: „Успешна трансформација со контролинг"
22. Во 2022 година (Скопје) учесник и организатор на петтата меѓународна конференција за Controlling, на тема: „Предизвици во контролниг – одржливост, нови бизнис модели, трансформација и кризи"
23. Во 2023 година (Скопје) учесник и организатор на шестата меѓународна конференција за Controlling, на тема: „Контролинг и менаџмент дијалози"

Д-р Синиша Наумоски во период пред изборот работел и земал учество во повеќе меѓународни проекти. Како позначајни учества во проекти се издвојуваат следниве:

- Во 2017, учество во ЕУ проекти за прекугранична соработка на Р. Македонија со Р. Бугарија, во организација на Здружение за помош на малите и средни претпријатија – „United Business Clubs (UBS) и European Small Business Alliance ESBA од Брисел;
- „Triple E" проект на Европската банкарска федерација (EBF – European Banking Federation) и „EBTN (European banking and financial services training association - Brussels). Учество во проект за воведување на новиот стандардот „Triple E" на 24 септември 2015 година со конференција во Брисел (Белгија) во просториите на (EBF – European Banking Federation).
- Проект на Светска банка за реформи во Министерството за здравство на Р. Македонија - финансиран од Холански гранд (цел на проектот; изработка на медицинска мапа), во 2007 година. (Прибирање на податоци од здравствените организации, Компјутерска обработка (Microsoft Office) на податоците за искористеност на капацитетите и задоволството на пациоентите во здравствените организации)
- Министерство за здравство - Проект за управување во здравствениот сектор (ПУЗС), финансиран од Светска банка, во 2006 година. (Асистент за јавни набавки).
- Учество во проект - практична работа во Државниот завод за ревизија (ДЗР), во 2005 година. (Работа во тим од пет ревизори во секторот за ревизија на Јавните претпријатија и претпријатија каде државата е доминантен акционер, во фазата на изготвување на ревизорскиот извештај).

На крајот, во делот на стручно апликативна и организациско – развојна дејност за кандидатот д-р Наумоски, значајно е да се обележи стекнувањето со меѓународни сертификации за контролинг, и тоа: Сертифициран Controlling trainer, „School of Controlling" Љубљана (Словенија); Сертифициран Сметководствен тренер „School of Controlling" Љубљана (Словенија) и Дипломиран Controller (trainer) во Минхен (Р. Германија).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатот, д-р Синиша Наумоски има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Синиша Наумоски ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избран во научно

звање професор, од научно-истражувачко поле Економски науки и научна област Банкарство на Висока стручна школа “Хајделберг факултет во Скопје”.
Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија и предлага на Матичната комисија на Висока стручна школа “Хајделберг факултет во Скопје” кандидатот д-р Синиша Наумоски да го избере во наставник во звање ПРОФЕСОР од научно-истражувачко поле Економски науки и научна област Банкарство.

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Благоја Спиркоски, с.р.
Проф. д-р Зоран Колев, с.р.
Проф д-р Гордана Лажетиќ, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ ВО ОБЛАСТ БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ НА ВИСОКАТА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 20.03.2024 година, по пријавата на м-р Даниела Стефаноска за избор на наставник во звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Организациски науки и управување и научна област Бизнис менаџмент, се состана во следниот состав: Проф. д-р Благоја Спиркоски, претседател, Проф д-р Зоран Колев, член и Проф д-р Гордана Лажетиќ, член.
Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот м-р Даниела Стефаноска и го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Од автобиографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот м-р Даниела Стефаноска е родена на 21.03.1987 година во Прилеп. Основното обрзование го завршила во Кичево. Средното образование го завршила исто така во Кичево со континуирано одличен успех. По завршување на средното училиште се запишува на Правниот Факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насока – Граѓанско материјално право и граѓанско процесно право и успешно го завршува во 2009 година и со тоа се стекнува со стручен назив дипломиран правник (Bachelor of Laws LLB).
Истата година, се запишува на последипломските студии на Правниот факултет во Скопје, каде што ги полага сите предвидени испити по што изработува магистерски труд на тема "Тестаментална способност во современите наследно-правни системи". По одбраната на магистерскиот труд во Април 2012 година се стекнува со научен степен Магистер по право од областа на граѓанско материјално право и граѓанско процесно право (Master of Laws LL.M).
Од јуни 2011 година до Април 2013 година, м-р Даниела Стефаноска работи во Адвокатска Канцеларија Андреевски како адвокатски приправник каде што своето богато теоретско знаење го надградува и поткрепува со квалитетна практична работа. За овој период, м-р Даниела својата практична работа ја надградува и со волонтерска работа во Адвокатскта комора на Република Македонија.
Во Декември 2013 година, м-р Даниела Стефаноска успешно го полага правосудниот испит при Министерството за правда на Р. Македонија.
Од јануари 2016 година до денес, м-р Даниела Стефаноска е оперативен менаџер и правник на првата независна македонска „Академија за банкарство и информатичка технологија – АБИТ" од Скопје.

Во март 2017 година успешно ја завршува едногодишната банкарска специјализација за контрола на усогласеноста на работењето на институциите со законите со што се стекна со назив Certified Compliance Specialist.

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

М-р Даниела Стефаноска својата истражувачка дејност ја започнува најпрво со истражување и подготовка на научно истражувачки труд на тема "Тестаментална способност во современите наследно-правни системи" како магистерски труд. Од јануари 2016 година, како вработена во првата независна македонска "Академија за банкарство и информатичка технологија" до денес е помошник-уредник на трудови во стручно-научно меѓународно списание за финансии „е-Банкар".

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

Значајно е да се обележи учеството на кандидатот на истакнатите меѓународни и домашни конференции, семинари и работилници за финансии и банкарство од земјите членки на ЕУ и пошироко:

24. На 01 Март 2016 Скопје, учество на специјалистички семинар на тема "Conventional and emerging forms of financing of SMEs and micro – entreprises" со Shmuel Vaknin од Израел;
25. На 04 Март 2016 Скопје, учество и организација на специјалистички семинар на тема "Monetary policy and dollarized economy" со Majkl Faulend од Хрватска;
26. На 21 Мај 2016 Хамбург Германија, учествува на меѓународна конференција на International group of controlling – IGC;
27. На 04 Ноември 2016 Скопје, учество и организација на специјалистички семинар на тема "Compliance and Whistleblowing in Institutions" со експерти од Македонија и Израел;
28. На 20 Април 2017 Скопје, учесник и организатор на меѓународна конференција на International group of controlling – IGC;
29. На 30 мај и 01 јуни 2017 Скопје, Учество на деветата меѓународна конференција за човечки ресурси на тема "The best HR solutions for facing challenges in fast growing indistries";
30. На 30 Јуни 2017 Сиџис (Барселона), Шпанија, учество на Меѓународна конференција на European Banking and Financial Services Training Association - Brussels на тема "Triple E & Triple E EFCB acreditaion projects";
31. На 26 Октомври 2017 година Скопје, учесник и организатор на специјалистички семинар на тема "IFRS 9" со Ivan Shverko од Хрватска;
32. На 07 Ноември 2017 година Скопје, учесник и организатор на првата меѓународна конференција за спречување на перење пари (AML) и финансирање на тероризам (CFT) на тема: „Примена на иновативни практики во AML & CFT";
33. 16 Ноември 2017 Софија Бугарија, учество на Националиот Бизнис форум 2017, на тема "Предизвиците и можностите за бизнисот за време на Бугарското претседателство на Советот на ЕУ";

34. На 29 и 30 Ноември 2017 Скопје, учество на меѓународна конференција на OSCE Mission to Skopje на тема “Enhancing South-Eastern Europe regional co-operation in combating financial crimes, with focus on money laundering and financing terrorism issues”;
35. На 01 Февруари 2018 година Скопје, учесник и организатор на меѓународна конференција за Controlling, на тема: „International standards in controlling - implementation in practice“;
36. На 17 мај 2018 година организатор и учесник на еднодневна работилница на тема „Предизвиците за централните банки во периодот по избувнувањето на глобалната економска криза, со фокус на монетарната политика во Р. Македонија”;
37. 28 јуни 2018 година учество на мотивациско стручен семинар на тема „ Принципите на банкарското работење на глобално ниво и во Република Македонија“;
38. На 16 октомври 2018 година учество на еднодневен семинар на тема „Проблематични пласмани и наплата на проблематични пласмани“;
39. На 27 ноември 2018 година учесто на еднодневна едукација на тема „Правните аспекти на доброто корпоративно управување со банките“.
40. На 16 октомври 2019 година организатор и учесник на семинар на тема „ОСИС новата регулатива на НБРМ и законот за заштита на лични податоци“;
41. На 10 април 2020 година учесник на форумска дебата на тема „“Што можат да очекуваат вработените во време на глобална рецесија?; Кои права ги имаат вработените во услови на криза (COVID 19)?“;
42. 24 јуни 2020 година, организација на конференција за контролинг на тема „Ефективен, оперативен и стратешки контролинг во време на корона криза“;
43. На 10 декември 2020 година, организација и учество на 3та меѓународна конференција за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на тема „Влијанието на Ковид - 19 врз напорите од страна на Владата и приватниот сектор во борбата против перење на пари и финансирање на тероризам“
44. На 7 јуни 2021 година, организација и учество на меѓународна конференција тема: „Економска состојба во ЕУ – посебно во германија како партнер на балканот“;
45. На 8 јуни 2021 година, организација и учество на меѓународна конференција тема: „Германското дуално образование и неговото поврзање со бизнис-секторот“;
46. На 9 јуни 2021 година, организација и учество на меѓународна конференција тема: „Контролинг конференција - успешна трансформација со контролинг“;
47. На 10 јуни 2021 година, учество и организација на меѓународна ИТ конференција на тема: „Бизнис интелигенција и дигитална трансформација“;
48. На 11 јуни 2021 година, организација и учество на прва меѓународна конференција за ризици на тема: „ Управување со ризик во период на ковид“;

49. На 15 јуни 2022 година организација и учество на 4та меѓународна конференција за спречување на перење пари и финансирање тероризам, на тема: „Нови рестриктивни мерки - ефектите и искуствата од регионот“;
50. На 28 јуни 2022 година организација и учество на 5та меѓународна контролинг конференција на тема „Предизвици во контролингот: одржливост, нови бизнис модели, трансформација и криза„;
51. На 25 и 26 февруари 2022 година учество на работилница на тема „Менаџментот на знаење како фактор за функционален личен и професионален развој на наставниците“;
52. На 04 и 05 март 2022 година учество на работилница на тема „Подобрување на компетенциите на наставниците за ефикасно информирање, комуницирање и едукација на родителите на учениците„;
53. На 25 декември 2023 година учество на трибина на тема „УНИВЕРЗУМОТ НА НАШИТЕ ДЕЦА -ТИНЕЈЏЕРИ - Не е важно што ние правиме за нив, туку што ќе ги научиме тие да прават за себе, за да бидат среќни деца“.

Покрај учеството на големи меѓународни и домашни конференции и семинари, кадидатот има земено активно учество на многу банкарски, менаџерски и бизнис семинари и работилници, каде апликативно го покажува и зајакнува своето знаење.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатот, м-р Даниела Стефаноска има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот м-р Даниела Стефаноска ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избрана во наставник во звање предавач од научно-истражувачко поле Организациски науки и управување и научна област Бизнис менаџмент на Висока стручна школа “Хајделберг факултет во Скопје”.

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија и предлага на Матичната комисија на Висока стручна школа “Хајделберг факултет во Скопје” кандидатот м-р Даниела Стефаноска да го избере во наставник во звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Организациски науки и управување и научна област Бизнис менаџмент.

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Благоја Спиркоски, с.р.
Проф. д-р Зоран Колев, с.р.
Проф д-р Гордана Лажетиќ, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ НА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА ВО ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА

## "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 20.03.2024 година, по пријавата на м-р Тања Н. Тренески за избор во наставно звање предавач во област финансии, се состана во следниот состав:Проф. д-р Благоја Спиркоски, претседател, Проф. д-р Зоран Колев, член и Проф. д-р Гордана Лажетиќ, член.

Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот м-р Тања Н. Тренески и го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Од автобиографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот м-р Тања Н. Тренески е родена на 21.07.1987 година во Охрид. Основното обрзование го завршила во Кичево. Средното образование го завршила исто така во Кичево со континуирано одличен успех. По завршување на средното училиште се запишува на Економски Факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насока – менџмент и успешно го завршува во 2010 година и со тоа се стекнува со стручен назив дипломиран економист.

Во 2019 година, се запишува на последипломските студии на ПВПУ Еуро Колеџ - Куманово , каде што ги полага сите предвидени испити по што изработува магистерски труд на тема "Аспекти на менаџирањето со промени – предизвици во организациите со жени менаџери во Република Северна Македонија"

Од септември 2007 година до ноември 2010 година, м-р Тања Н. Тренескии работи како помлад сметководител во приватна компанија за сметководство и ревизија Наумоски ДООЕЛ. Од декември 2010 година до денес м-р Тања Н. Тренески е сопственик на компанија за сметководствени услуги Тео-консалтинг ДООЕЛ каде работи како овластен сметководител.

Од јануари 2016 година до денес, м-р Тања Н. Тренескии е надворешен сметководствен соработник на првата независна македонска „Академија за банкарство и информатичка технологија – АБИТ" од Скопје.

Во декември 2023 година успешно ја завршува едногодишната специјализација за Сертифициран Контролер, при што се стекна со назив Certified Controller.

### Наставно образовна и научно истражувачка дејност

м-р Тања Н. Тренески својата истражувачка дејност ја започнува најпрво со истражување и подготовка на научно истражувачки труд на тема "Аспекти на менаџирањето со промени – предизвици во организациите со жени менаџери во Република Северна Македонија" како магистерски труд. Од јануари 2017 година до август 2018 како вработена во првата независна македонска "Академија за банкарство и информатичка технологија" е помошник-уредник на трудови во стручно-научно меѓународно списание за финансии „е-Банкар".

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

Значајно е да се обележи учеството на кандидатот на истакнатите меѓународни и домашни конференции, семинари и работилници за сметководство, финансии и банкарство од земјите членки на ЕУ и пошироко:

1. На 01 Март 2016 Скопје, учество на специјалистички семинар на тема "Conventional and emerging forms of financing of SMEs and micro – entreprises" со Shmuel Vaknin од Израел;
2. На 04 Март 2016 Скопје, учество на специјалистички семинар на тема "Monetary policy and dollarized economy" со Majkl Faulend од Хрватска;
3. На 04 Ноември 2016 Скопје, учество на специјалистички семинар на тема "Compliance and Whistleblowing in Institutions" со експерти од Македонија и Израел;
4. На 20 Април 2017 Скопје, учесник на меѓународна конференција на International group of controlling – IGC;
5. На 30 мај и 01 јуни 2017 Скопје, Учество на деветата меѓународна конференција за човечки ресурси на тема "The best HR solutions for facing challenges in fast growing indistries";
6. На 26 Октомври 2017 година Скопје, учесник на специјалистички семинар на тема "IFRS 9" со Ivan Shverko од Хрватска;
7. На 07 Ноември 2017 година Скопје, учесник на првата меѓународна конференција за спречување на перење пари (AML) и финансирање на тероризам (CFT) на тема: „Примена на иновативни практики во AML & CFT";
8. На 29 и 30 Ноември 2017 Скопје, учество на меѓународна конференција на OSCE Mission to Skopje на тема "Enhancing South-Eastern Europe regional co-operation in combating financial crimes, with focus on money laundering and financing terrorism issues";
9. На 01 Февруари 2018 година Скопје, учесник на меѓународна конференција за Controlling, на тема: „International standards in controlling - implementation in practice".
10. 24 јуни 2020 година, активно учество на 3та конференција за контролинг на тема „Ефективен, оперативен и стратешки контролинг во време на корона криза";
11. На 9 јуни 2021 година, учество на 4та меѓународна конференција тема: „Контролинг конференција - успешна трансформација со контролинг";
12. На 28 јуни 2022 година учество на 5та меѓународна контролинг конференција на тема „Предизвици во контролингот: одржливост, нови бизнис модели, трансформација и криза„.

Покрај учеството на големи меѓународни и домашни конференции и семинари, кадидатот има земено активно учество и на банкарски, менаџерски и бизнис семинари и работилници, каде апликативно го покажува и зајакнува своето знаење.

м-р Тања Н. Тренески активно учествува на годишни и квартални работилници од областа на сметководство, финансии и ревизија како и од областа на спречување на перење на пари и финансирање на тероризам.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатот, м-р Тања Н. Тренески има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот м-р Тања Н. Тренески ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избрана во наставно звање предавач во област финансии на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје".

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија и предлага на Матичната комисија на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје" кандидатот м-р Тања Н. Тренески да го избере наставник во звање ПРЕДАВАЧ во област финансии.

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Благоја Спиркоски, с.р.
Проф. д-р Зоран Колев, с.р.
Проф д-р Гордана Лажетиќ, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ВИШ ПРЕДАВАЧ ВО ОБЛАСТ БАЗИ НА ПОДАТОЦИ НА ВИСОКАТА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 20.03.2024 година, по пријавата на м-р (докторанд) Ристе Маркоски за избор на наставник во научно звање ВИШ ПРЕДАВАЧ во научно-истражувачко поле Компјутерска техника и информатика и научна област Бази на податоци, се состана во следниот состав: Проф. д-р Гордана Лажетиќ, Проф. д-р Стојан Китанов и Проф. д-р Александар Димовски.
Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и член 137 и 138 од Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот м-р Ристе Маркоски и го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Од афтобиографијата приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот м-р Ристе Маркоски е роден на 12.09.1978 година во Охрид. Основното и средното образование го завршил во Мелбурн, Австралија.

Во 1999 година тој се запишува на Викторија Универзитетот за Технологија во Мелбурн, Австралија. Во 2001 година тој ги завршува додипломските студии и се стекнува со титула Bachelor of Business Information Systems.

Во 2002 година тој продолжува со пост-дипломски студии на Викторија Универзитетот за Технологија во Мелбурн, Австралија. Во 2003 ги завршува пост-дипломските студии и се стекнува со титулата Master of Business Enterprise Resource Planning Systems.

Од март 2004 до ноември 2004 година тој работи во Keyvision, Melbourne како софтвер девелопер користеќи HTML, JavaScript, CSS, Macromedia Flash, Macromedia ColdFusion, Oracle и SQL бази на податоци.

Од јули 2005 година до декември 2010 тој работи како асистент по информатика при Њу Јорк Универзитет Скопје. Тој исто така врши функција на системски и мрежен инженер, и советник за информатички технологии. Тој учествува и врши дизајн, набавка и имплементација на новата компјутерска инфрастурктура за Њу Јорк Универзитет Скопје.

Од февруари 2010 до октомври 2014 работи како консултант и контрактор во ИТ секторот во Мелбурн, Австралија.

Од ноември 2014 година до април 2019 година тој работи во Australia Post како ИТ тим лидер и менаџер за подобрување на ИКТ услугите.

Од април 2019 до сега работи во Cenitex како ИТ тим лидер, менаџер на ИКТ сервис центар и ИТ проблем менаџер.

Моментално работи на неговата докторска дисертација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Природно-математичкиот факултет.

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

- Во 2009 година пресентирал на конверенцијата "ICT Innovations 2009" труд под наслов "Comparison of the e-Business Readiness Index 2008"
- Во 2009 презентирал на конференцијата "Glocal: Inside Social media" под наслов "E-Readiness in Macedonia - is the (Re)public ready"

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

- 09 Април, 2010 се стекнува со титула "Microsoft Certified Professional"
- 03 Јуни, 2010 се стекнува со титула "Microsoft Certified Systems Administrator: Windows Server 2003"
- 03 Јуни, 2010 се стекнува со титула "Microsoft Certified Systems Administrator: Messaging on Windows Server 2003"
- 17 Јуни, 2010 се стекнува со титула "Microsoft Certified Systems Administrator: Security on Windows Server 2003"
- 06 Септември. 2010 се стекнува со титула "Microsoft® Certified IT Professional: Server Administrator on Windows Server 2008"
- 06 Септември. 2010 се стекнува со титула "Microsoft® Certified Technology Specialist: Windows Server 2008 Network Infrastructure, Configuration"
- 2 Ноември 2010 до 14 Април 2019 се стекнува со титула "Microsoft Certified Trainer"
- 16 Април, 2012 се стекнува со титула "Microsoft® Certified Solutions Associate: Windows Server 2008"
- 02 Март 2018 го завршува курсот "ITIL 3 Foundation"
- 02 Октомври 2021 го завршува курсот "SAFe Scrum Master 5.0"
- 30 Септември 2021 до 01 Јуни 2022 учествува и завршува "FASTLEAD Leadership Program"
- 24 Ноември 2023 го завршува курсот "ITIL 4 Foundation"

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатот, м-р (докторанд) Ристе Маркоски има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот м-р Ристе Маркоски ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избран во наставник во звање виш предавач од научно-истражувачко поле Компјутерска техника и информатика и научна област Бази на податоци на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје".

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија и предлага на Матичната комисија на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје" кандидатот м-р Ристе Маркоски да го избере во наставник во звање ВИШ ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Компјутерска техника и информатика и научна област Бази на податоци.

Рецензентска Комисија
Проф. д-р Гордана Лажетиќ, с.р.
Проф. д-р Стојан Китанов, с.р.
Проф д-р Александар Димовски, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ВИШ ПРЕДАВАЧ ВО ОБЛАСТ ПРОГРАМСКИ ЈАЗИЦИ И ТЕХНОЛОГИИ НА ВИСОКАТА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 20.03.2024 година, по пријавата на м-р Митко Маркоски за избор на наставник во научно звање ВИШ ПРЕДАВАЧ во научно-истражувачко поле Компјутерска техника и информатика и научна област Програмски јазици и технологии, се состана во следниот состав: Проф. д-р Гордана Лажетиќ, претседател, Проф. д-р Стојан Китанов, Проф. д-р Александар Димовски.

Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот м-р Митко Маркоски и го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Од автобиографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот м-р Митко Маркоски е роден на 07.11.1980 година во Охрид. Основното обрзование го започнал бо Охрид а го завршил во Мелбурн. Средното образование го завршил исто така во Мелбурн. По завршување на средното училиште, во 1999 година се запишува на Викторија Универзитетот за Технологија во Мелбурн, Австралија. Во 2001 година тој ги завршува додипломските студии и се стекнува со титула Bachelor of Business Information Systems.

Во 2002 година тој продолжува со пост-дипломски студии на Викторија Универзитетот за Технологија во Мелбурн, Австралија. Во 2003 ги завршува пост-дипломските студии и се стекнува со титулата Master of Business Enterprise Resource Planning Systems.

Од Јануари 2004 до Септември 2005 тој работи во MCWA како Специјалист за ИТ системска и мрежена поддршка. Во Март 2006 тој работи како Продукт Аналист во SEAVUS Group се до Јули 2006. Тука тој пабoти на алатки за проектен менаџмент.

Од Август 2006 до Март 2008 работи на Проект за Правна и Правосудна Поддршка на Светск Банка при Министерство за Правда како ИТ Специјалист. Во Април 2008 тој работи во Семос како Специјалист за Продажба задолжен за продажба на CISCO мрежна опрема се до Септември 2010.

Во Март 2011 тој работи во Continental Pty. Ltd. како Специјалист за имплементација и поддршка на SAP APO. Во Март 2012 продолжва со работа во Continental Pty. Ltd. но овојпат како Планер на Произвотство и Поддршка на клиенти се до Ноември 2017. Од Ноември 2017 па до денес, м-р Митко Маркоски работи за Campari Group како Планер на Производство при секторот синџир на снабдување.

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

М-р Митко Маркоски својата истражувачка дејност ја започнува најпрво со истражување и подготовка на тема "Системи за планирање на ресурсите" како дел од магистерските студии.

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

Значајно е да се обележи учеството на кандидатот на семинари и работилници при што се стекнал со богато теоретско и практично знаење:

1. Во Ноември 2006 Скопје – Семос едукација, Учество во работилница за Современо Управување со Проекти;

2. Во Јули 2008 Скопје – Clearview Management Training Center, Учество во работилница за Основи на продажба и проджни вештини;

3. На 04 Февруари 2009 Скопје – Triple S Learning, Тајни за успех во продажбата;

4. На 09 Април 2010 се стекнува со титула Microsoft Certified Professional;

5. На 03 Јуни 2010 се стекнува со титула Microsoft Certified Systems Administrator: Windows Server 2003;

6. На 03 Јуни 2010 се стекнува со титула Microsoft Certified Systems Administrator: Messaging on Windows Server 2003;

7. На 17 Јуни 2010 се стекнува со титула Microsoft Certified Systems Administrator: Security on Windows Server 2003

8. Од 04 Јули 2019 до 26 Септември 2019 Мелбурн, Учество на онлајн APICS CPIM курс со тема Планирање и управување со инвентарот

Покрај стекнување со голем број на меѓународни и домашни сертификати, кадидатот има широк обем на работно искуство, каде апликативно го покажува и зајакнува своето знаење.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатот, м-р Митко Маркоски има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот м-р Митко Маркоски ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избран во наставник во звање виш предавач од научно-истражувачко поле Компјутерска техника и информатика и научна област Програмски јазици и технологии на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје".

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија и предлага на Матичната комисија на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје" кандидатот м-р Митко Маркоски да го избере во наставник во звање ВИШ ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Компјутерска техника и информатика и научна област Бази на податоци.

Рецензентска Комисија
Проф. д-р Годана Лажетиќ, с.р.
Проф. д-р Стојан Китанов, с.р.
Проф д-р Александар Димовски, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ ВО ОБЛАСТ БАЗИ НА ПОДАТОЦИ НА ВИСОКАТА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 20.03.2024 година, по пријавата на Андреа Ангелова Трајковска за избор на наставник во научно звање ПРЕДАВАЧ во научно-истражувачко поле Компјутерска техника и информатика и научна област Програмски јазици и технологии, се состана во следниот состав: Проф. д-р Гордана Лажетиќ, Проф. д-р Стојан Китанов и Проф. д-р Александар Димовски. Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и член 137 и 138 од Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот Андреа Ангелова Трајковска и го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Од автобиографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот Андреа Ангелова Трајковска е родена на 27.08.1995 година во Скопје. Основното образование го завршила во Скопје. Средното образование го завршила исто така во Скопје во Гимназијата "Никола Карев", подрачје природно-математичко со континуирано одличен успех. По завршување на средното училиште се запишува на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насока - Компјутерски науки и инженерство и успешно го завршува во 2019 година.

Од Јуни 2017 година до Јуни 2019 година, кандидатот е вработена како Софтверски инженер во Шведската компанија Miracle Mill (дел од PCG) со што практично го применува и продлабочува своето теоретско познавање. Работела на дизајнирање и развивање на повеќе веб решенија користејќи најнови технологии.

Од Јуни 2019 година до Април 2022 година, кандидатот работи како Софтверски инженер во OpenGI. Работата се состои од градење и одржување на водечки софтвер за осигурување во Велика Британија.

Од Април 2022 година до денес, работи како Сениор Софтверски инженер во Valtech одговорна за водење на тимови, интервјуирање на кандидати, менторирање на практиканти и вработени и изготвување на напредни решенија на комплексни софтверски проблематики.

Дополнително, од Октомври 2023 до денес, работи како Раководителот на ИТ школата во Институт за бизнис и менаџмент ХАЈДЕЛБЕРГ Скопје. Работата се состои од организација на ИТ едукативни програми (специјализации), курсеви, обуки и специјалистички семинари по највисоки стандарди за квалитет.

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

Кандидатот Андреа Ангелова Трајковска својата наставно образовна/истражувачка дејност ја започнува уште за време на школувањето од 2014 година вклучувајќи се како активен член во студентските организации:

- EESTEC LC Skopje – интернационална организација за студенти по електротехника и компјутерски науки (EECS) чија цел е подобрување на техничкото знаење на студентите на EECS, запознавање со индустријата и образовниот систем на другите земји
- Студентскиот парламент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство

Кандидатот дополнително се вклучува во настани и проекти во склоп на студиите за надградба и практична имплементација на знаењата добиени од своето практично и теоретско академско учење.

Настани и проекти во кои учествувала:

- Codefest , 2016 Охрид

Хакатон на кој кандидатот има развиено софтвер за снимање на звук преку мобилен телефон

- Code App, Level Up 3, 2016

Семинар и меѓународна работилница каде што кандидатот има добиено Сертификат за прво место за изградба на блог платформа

- DIGIT - Design and Interactive Graphics in IT, 2016

Едукативна работилница каде што кандидатот преку практична имплементација има сработено веб апликација со технологијата Angular

**Настани во кои учествувала и била дел од организација:**

- Soft Skills Academy, 2015

Тренинзи и работни сесии во областа на меки вештини

- Startup Weekend, 2015- 2016

Најголемо светско образовно движење за претприемачи

- NASA Space App Challenge Macedonia, 2016

Хакатон за креирање на проекти за решавање на најитните предизвици на Земјата

- EESTEC Academy, Module 2 – интернет безбедност, 2016

Запознавање со техниките за генералната интернет и компјутерска безбедност, мрежна безбедност, безбедност на WEB сервери и пишување на безбеден софтвер

- EESTEC Academy, Module 3 – 3д принтање, 2016

Запознавање со принципот на функционирање на 3Д принтерите преку теоретска и практична работа

- Code Camp, 2018

Конференција за развој на софтвер за програмери

- Code App, Level Up 4, 2018

Развој на Општествено одговорни и хуманитарни веб страни

- Women in Tech Macedonia - Chapter Launch, 2019

Понатаму, од Февруари 2017 до Мај 2018 својата научно истражувачка работа Андреа Ангелова Трајковска ја проширува како претседател на Управниот одбор на организацијата EESTEC LC Скопје, координатор на сите активности. Интернационалните собири организирани од локалните комитети на EESTEC имаат за цел да ги развијат и подобрат организационите и комуникациските способности на идните инженери, како и да се воспостави размена на идеи и техничко знаење.

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

Андреа Ангелова Трајковска во период по академското студирање, зема учество и работи како предавач и ментор во повеќе академии:

- SEDC - SEAVUS Education & Development Center, 2021 – 2023

Специјализиран центар за обука и едукација на кадар во областите на програмирање, дизајн, компјутерски мрежи, тестирање на софтвер, дигитален маркетинг и наука за податоци. Кандидатот била вклучена во предавање во областа на програмирање и менторирање на студентите при изградба на веб апликација.

- EDUFRONT - Едукативен центар за обуки за деца, 2022 – 2024

Креативно компјутерско образование посветено на развивање на логичкото размислување, креативните вештини, способностите за решавање на проблеми и иновативниот дух на децата. Кандидатот била задолжена со одржување на настава и адаптација на наставна програма на обуките од Digipath - Дигитална патека за веб дизајн.

- ИТ школа, Институт за бизнис и менаџмент ХАЈДЕЛБЕРГ, 2021 – денес

Создавање современи концепти на специјализирано образование и поставување нови образовно - професионални стандарди засновани на обуки. Кандидатот била задолжена со одржување на стручно, квалитетно и професионално предавање на ИТ програмата CERTIFIED WEB DEVELOPER.

**Дополнително, кандидатот зема учество на пократки настани и обуки за програмирање како предавач и ментор:**

- Digit - Design and Interactive Graphics in IT, 2021

Предавање на тема: градење на комплексна архитектура на веб апликација со помош на Angular Modules

- EESTEC Academy, 2021

Предавање на тема: Поставување на навигација на веб апликација со Angular Routing

- Tech Girl, 2022

Програма наменета за охрабрување на млади девојчиња да го поттикнат својот интерес за технологија и да го зголемат своето знаење за програмирање. Создавање на алгоритми со помош на интерактивна алатка Scratch

- Valtech Global Front End Craft Day, 2023

Презентирање за npm сигурност и сигурност на веб страни

- Tech Girl, 2023

Создавање на алгоритми со помош на интерактивна алатка Scratch

- Digit - Design and Interactive Graphics in IT, 2023

Предавање на тема: Поставување на навигација на веб апликација со React Routing

**Значајно е да се обележи учеството на кандидатот на истакнатите локални и меѓународни конференции во земјите членки на ЕУ:**

- JavaSkop, 15
- EESTEC Spring Congress 2017 Љубљана Словенија
- EESTEC Spring Congress 2018 Краков Полска
- JavaSkop, 2018
- Web Summit, 2019 Лисабон Португалија

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатот, Андреа Ангелова Трајковска има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот Андреа Ангелова Трајковска ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избран во наставник во звање предавач од научно-истражувачко поле Компјутерска техника и информатика и научна област Програмски јазици и технологии на Висока стручна школа “Хајделберг факултет во Скопје”.

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија и предлага на Матичната комисија на Висока стручна школа “Хајделберг факултет во Скопје” кандидатот Андреа Ангелова Трајковска да го избере во наставник во звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Компјутерска техника и информатика и научна област Програмски јазици и технологии.

Рецензентска Комисија
Проф. д-р Гордана Лажетиќ, с.р.
Проф. д-р Стојан Китанов, с.р.
Проф д-р Александар Димовски, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ПРОФЕСОР ВО ОБЛАСТ БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ НА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 20.03.2024 година, по пријавата на д-р Марјан Младеновски за избор во наставно звање професор од научно-истражувачко поле Организациски науки и управување и научна област Бизнис менаџмент, се состана во следниот состав: Проф. д-р Гордана Лажетиќ, Проф. д-р Благоја Спиркоски и Проф. д-р Зоран Колев. Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот д-р Марјан Младеновски и го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Кандидатот проф. д-р Марјан Младеновски е роден во Куманово на 18.08.1977 година. Дипломирал на Филозофски факултет во Скопје на Институт за социјална работа и социјална политика (со висок просек 9,19), со што се стекнал со звањето дипломиран социјален работник. Магистрирал на Филозофски факултет, на Институтот за социологија во Скопје (со висок просек 9,00), во 2005 година, со што се стекнал со звање Магистер по социолошки науки. Со титулата доктор од областа на социолошките науки (со одличен успех) се стекнал на European Center for Peace and Development-University for Peace established by United Nations, во периодот 2009-2011 год..

Почетоците на професионалната кариера на д-р Младеновски се врзани за граѓанскиот сектор (НВО „Даја"), каде работел меѓу 2003 и 2005 год. на програмата од WJAID како Раководител на канцеларија за социјално-правна помош. Од 2005 година до 2010 година, Младеновски добива унапредување на позицијата Програм менаџер на програмата од Oxfam Novib каде започнува да работи на изработка и подготовка на стратешки, акциони и оперативни програми и планови за реализација на проектните активности, менаџирање на човечки ресурски, изработка на извештаи, правилници и сл.

Во периодот 2011-2012 год., д-р Младеновски работи на повеќе проекти во областа на граѓанското општество:

- како Проект координатор во Florence Nightingale (реализација на циклус предавања и изработка на извештаи)
- како Истражувач во МЦМС (Изработка на истражувачко-аналитичка студија)

- како Истражувач во Порака Наша (Изработка на истражувачко-аналитичка студија)

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

Почетокот на неговата образовна и научно истражувачка дејност е поврзан со неговиот избор за асистент во областа на социолошките предмети во 2009 год., на Факултетот за менаџирање со човекови ресурси, при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Во септември 2012 година, д-р Марјан Младеновски е избран во звањето доцент во областа на „економска социологија и друго“ при ПВПУ „Еуро Колеџ“ Куманово, а во 2017 година и во звањето вонреден професор во областа на „економска социологија и друго“. Неговиот професорски ангажман се однесува на реализација на предавања, консултации и испити по предметите: менаџмент (2012-2016), организациска психологија (2013-2017, 2019-2023), социологија на организации (2023-), општествено-економско опкружување (2013-), лидерство и етика (2017-2019) и бизнис етика (2017-2019). По акредитацијата на постдипломските студии на ПВПУ „Еуро Колеџ“ Куманово, д-р Младеновски е ментор на петмина кандидати за титулата „мастер по бизнис адмнистрација“ и член на 21 комисија за оценка и одбрана на мастер труд.

Паралелно со редовниот ангажман како професор на ПВПУ „Евро Колеџ“, проф. д-р Младеновски работи како професор на Универзитетот „Евро-Балкан“ во Скопје во периодот 2012-2014 год. Откако претходно (мај 2012 год.) е избран во „доцент од областа на родовите студии“, д-р Младеновски реализира предавања на Институтот за општествени и хуманистички студии (при Универзитетот „Евро-Балкан“) по предметите од постдипломски студии: Општествени теории, Современи општествени теории на родот, Квантитативни техники на истражување и Род и социо-економски права. Истовремено, д-р Младеновски ја извршува и улогата Раководител на Катедрата за родови студии, во овој период е ментор на еден магистрант, како и член на комисија за оценка и одбрана на тројца докторанти. Како дел од професорскиот кадар на Универзитетот „Евро Балкан“ учествува во повеќе јавни предавања, проекти и истражувања.

Во 2018 год. е избран за вонреден професор на Инстутот за бизнис менаџмент „Хајделберг“.

Во периодот 2012 год. досега проф. д-р Младеновски учествува на многу стручни и научни, национални и меѓународни конференции, трибини и семинари. Најзначајни од нив се следниве меѓународни научни конференции

1. New Bulgarian University - Sofia & Institute for Science, Arts, Culture and Sports & Faculty of Applied Sciences **“Contemporary socio-economic systems: management, perspectives and solutions”** (16.02.2024 - 18.02.2024)

2. F.A.Z. Institute **“Measures for equal opportunities and inclusive corporate culture”** (online) (28.11.2023)
3. New Bulgarian University - Sofia & Institute for Science, Arts, Culture and Sports & Faculty of Applied Sciences **“Socio-cultural codes on contemporary development** (17.03.2023 - 19.03.2023)
4. New Bulgarian University - Sofia & Institute for Science, Arts, Culture and Sports **“Economic integration and regional development** (20.05.2022-22.05.2022)
5. New Bulgarian University - Sofia & Institute for Science, Arts, Culture and Sports **“Economy and business in post pandemic world”** (07.07.2021-09.07.2021)
6. Hanns Seidel Stiftung & St Kliment Ohridski University, 11th International Scientific Conference **“The Euro-Atlantic values in the Balkan countries”** (22.09.2020-24.09.2020)
7. New Bulgarian University - Sofia & Institute for Science, Arts, Culture and Sports **“Contemporary realities-problems and perspectives**” (27.11.2020)
8. 9th International Humboldt Digital Conference on Sustainability and Responsibility 2020 (online) **“Responsible Leadership after the crisis**” (15.09.2020-16.09.2020)
9. New Bulgarian University - Sofia & Institute for Science, Arts, Culture and Sports "**Global problems and regional solutions** (28.11.2019-29.11.2019)
10. University of criminal investigation and police studies, The IX international scientific conference **“Archibald Reiss Dayilissy”** (06.11.2019-07.11.2019)
11. Ss. Cyril & Methodius University in Skopje, Faculty of Philosophy & University of Belgrade - “**The Balkans between East and West: old and/or new security challenges**” (05.09.2017.-07.09.2017)
12. MIT University - **“New directions and challenges in transforming societies through a multidisciplinary approach”** (05.06.2017-06.06.2017)
13. University of Belgrade - **13th International May Conference on Strategic Management –** *I*MKSM2017 (19.05.2017-21.05.2017)
14. MIT University - „**Global challenges and opportunities - future perspectives of developing countries**" (20.05.2016-21.05.2016)
15. University of Belgrade **- 11th International May Conference on Strategic Management** (29.05.2015-31.05.2015)
16. Institute for knowledge management - **Knowledge - capital of the future** (27.11.2014-30.11.2014)
17. BAS Institute of management - **Contemporary management challenges and the organizational sciences** (24.10.2014-25.10.2014)
18. Institute for knowledge management - **New knowledge for the new people** (21.05.2014-23.05.2014)
19. Center for culture and cultural studies - **Culture memory** (05.09.2013-07.09.2013)

20. Corporative International Slavic University G.R. Derzavin Sveti Nikole-Tambov - **International dialogue: East - West** (19.04.2013-20.04.2013)
21. ECPD, UN University for peace - **New Balkans in a changing world with a changing Europe** (19.10.2012-20.10.2012)

Последниве неколку години, професор Младеновски бил активно вклучен и во меѓународната соработка на високообразовните установи, главно преку **Erasmus +** програмата:

- Erasmus + Staff mobility, Business University College, Tirana, Albania (04.06.2023-10.06.2023)
- Erasmus + Staff mobility, Wisdom University, Tirana, Albania (18.07.2022-23.07.2022)
- Cultural studies in business Project, University of Beira interior, Covilha, Portugal (17.11.2019-23.11.2019)
- Cultural studies in business Project, Sapienza University of Rome, Italy (23.03.2019-31.03.2019)
- Erasmus + Staff mobility, Alaaddin University, Antalia, Turkey (06.09.2018-11.09.2018)

Опусот на кандидатот проф. д-р Марјан Младеновски покажува дека тој е автор (или коавтор) на **шеесетина научни и стручни трудови**, главно со истражувачка димензија, објавени во конференциски зборници, во меѓународни научни списанија или како самостојни публикации.

***International scientific journal / conference papers***

1. **Perceptions of Macedonian youth`s relationships with Bulgarians**, Book of proceedings, New Bulgarian University - Sofia, International Journal of Sciences and Arts (conference paper, in process of publishing)
2. **Young people and social distance toward the Jewish community: Study about Kumanovo Region,** Book of proceedings, New Bulgarian University - Sofia, International Journal of Sciences and Arts (conference paper, 2022)
3. **Young people and social distance toward the LGBT population: Study about Kumanovo Region**, Book of proceedings, New Bulgarian University - Sofia, International Journal of Sciences and Arts (conference paper, 2023)
4. **Expert systems as an integral part of the artificial intelligence** (co-author) Book of proceedings, New Bulgarian University - Sofia, International Journal of Sciences and Arts (conference paper, 2022)
5. **Social inequality in RS Macedonia – aspects of the impact of the COVID pandemic – 19**, Book of proceedings, Нов български университет, Институт за наука, култура, изкуство и спорт , (conference paper, 2021)

6. **Application of the Artificial Intelligence as an Integral Part of the Financial Intelligence**, (co-author) Book of proceedings, Нов български университет, Институт за наука, култура, изкуство и спорт (conference paper, 2021)
7. **The future of diversity management in R.N. Macedonia: Focus on religion as a factor of diversity**, New Bulgarian University - Sofia, International Journal of Sciences and Arts vol.1, (conference paper, 2020)
8. **Diversity management in Republic of North Macedonia - perceptions about relations toward Roma**, New Bulgarian University - Sofia, International Journal of Sciences and Arts vol.2, (conference paper, 2020).
9. **Types of corrupted activities in higher education** (St Kliment Ohridski University "11th International Scientific Conference The Euro-Atlantic values in the Balkan countries, co-author, 2020)
10. **Unemployment and poverty as a security risk** (co-author)), University of criminal investigation and police studies, Belgrade (conference paper, 2019). Indexed in EBSCO
11. **The Influence of Mixed Migrations on the Safety of Republic of Macedonia and the Balkans**, (co-author), Security dialogues vol.8, no.1-2, (Ss. Cyril & Methodius University in Skopje, Faculty of Philosophy, conference paper, 2017). Indexed in EBSCO
12. **Structuring of the unemployment in Republic of Macedonia**, International Journal of Recent Research in Arts and Sciences vol.8, (MIT University, conference paper, 2017)
13. **Use of financial intelligence in making financial decisions**, (co-author) Book of proceedings of 13th International May Conference on Strategic Management – *I*MKSM2017 (University of Belgrade, conference paper, 2017) Indexed in EBSCO
14. **Economic (in)equalities in the macedonian families - gender aspects: study about Kumanovo-Lipkovo Region**, *Journal of process management - new technologies*, (special edition, vol.7, 2014) Indexed in EBSCO
15. **Perspectives of multiculturalism in the multiethnic environments**, *Journal of process management - new technologies*, (special edition, 2014) Indexed in EBSCO
16. **Weaknesses in organizational factors as critical factors influencing successful implement of information system** (коавтор) *Journal of process management - new technologies*, (special edition, vol.4, 2014) Indexed in EBSCO
17. **Education - a key to the integration of minorities: Focus on the Roma community in Macedonia**, *ARPN Journal of Science and Technology* (vol.3, no.2, 2013) Indexed in EBSCO, SciVerse Scopus etc.
18. **Ethnic stereotypes and prejudices in primary school: Teachers vs. Roma pupils**, *Horizons* (2012, vol.9)
19. **Macedonia etnic balance:retrospective of an overdimension**, ECPD International Conference, *New Balkans in a changing world with a changing Europe" (Belgrade, 2012)*

20. **Importance of financial education in creation of financial intelligence** (коавтор) International Journal of Recent Research in Arts and Sciences vol.8, (MIT University, 2017)
21. **Social exclusion and Republic of Macedonia**, *International Dialogue: East-West, ISI G.R.Derzavin* (conference paper, 2013*)*
22. **Team working - the most powerful mean of manager for facing daily challenges of an organization**, University for tourism and management (Skopje, 2009)
23. **Macedonian youth between ethnic and national identity: social distance vs. interethnic trust**, *CCCS Annual Conference 2013* "Cultural Memory" CSSK (Skopje, 2013)
24. **Perspectives of multiculturalism in the multiethnic environments**, *New knowledge for the new people*, Institute for knowledge management "KNOWLEDGE – International Journal" (Ohrid 2014, conference paper) Global Impact Factor -1.023
25. **New architecture of the world economy** (коавтор), "*Contemporary management challenges and the organizational sciences*", BAS Institute of management (Bitola, 2014)
26. **Economic (in)equalities in the macedonian families - gender aspects: study about Kumanovo-Lipkovo Region**, *Knowledge - capital of the future,* Institute for knowledge management "KNOWLEDGE – International Journal" (Bansko 2014, conference paper) Global Impact Factor -1.023
27. **Weaknesses in organizational factors as critical factors influencing successful implement of information system** (коавтор), *Knowledge - capital of the future,* Institute for knowledge management "KNOWLEDGE – International Journal" (Bansko 2014, conference paper) Global Impact Factor -1.023
28. **Technology as basic initiator in development of cyber culture** (co-author) Book of proceedings of 11th International May Conference on Strategic Management – *I*MKSM2015 (University of Belgrade, 2015, conference paper) Indexed in EBSCO
29. **Future of diversity management in Republic of Macedonia-ethnical aspects**, International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, vol.4 (MIT University, 2015)
30. **The meaning of marketing decisions at business subjects** (co-author), International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, vol.4 (MIT University, 2015)
31. **Application of the theory of games in making financial decisions** (co-author) International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, vol.5 (MIT University, 2016)
32. **Future of diversity management in Republic of Macedonia: focus on gender and sexual orientation**, International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, vol.5 (MIT University, 2016)

33. **Aspects of economic violence against women in the family – study about Municipality of Kumanovo**, International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, vol.6 (MIT University, 2016)
34. **Conventional approach towards system analysis** (co-author), International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, vol.6 (MIT University, 2016)
35. **Financial management of current assets** (co-author) International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, vol.7 (MIT University, 2017)

*Essays in edited volumes*

36. 2011 „**Рамковниот Договор, етничката дистанца и мултикултурализмот: Фокус на Општина Куманово**“ (истражувачка студија), во С.Клековски (ур.), Охридски рамковен договор-студии на случај, Македонски Центар за Меѓународна Соработка, 25-36

*Books: authored*

37. 2023 **Вовед во социологија на организација** (рецензиран учебник), ПВПУ Еуро Колеџ, 216 pp
38. 2023 **Младите и социјалната дистанца: Студија за кумановскиот регион** (истражувачка студија) Институт за наука, уметност, култура и спорт, 50 pp
39. 2021 **Организација и средина: Економско опкружување** (рецензиран учебник), ПВПУ Еуро Колеџ, 210 pp
40. 2019 **Бизнис етика** (учебник за интерна употреба), ПВПУ Еуро Колеџ, 135 pp
41. 2017 **Истражување на процесот на менаџирање на примената на процесниот институт спогодување за вина во Република Македонија** (истражувачка студија, коавтор), Европски Универзитет, Факултет за правни науки
42. 2016 **Организациска психологија** (учебник за интерна употреба), ПВПУ Еуро Колеџ, 180 pp
43. 2016 **Перцепции за семејното насилство- фокус на насилството врз жените во Општина Куманово**, (истражувачка студија) Florence Nightingale, 90 pp
44. 2014 **Интеграција, за доброто на сите**,(бриф за јавна политика) USAID, 60 pp
45. 2014 **Општество, економија, опкружување**, (учебник за интерна употреба) ПВПУ Еуро Колеџ, 230 pp
46. 2014 **Соживот на дистанца**, (истражувачка студија) Florence Nightigale,130 pp
47. 2013 **Вовед во менаџмент**, (учебник за интерна употреба), ПВПУ Еуро Колеџ, 350 pp

48. 2013 **Родовите релации помеѓу традицијата и демократијата**, (истражувачка студија), Florence Nightnigale,130 pp
49. 2011 **Општествената положба на лицата со интелектуална попреченост и нивото на социјалните услуги во Североисточниот Регион на Македонија**, (истражувачка студија), РЦЛИП Порака Наша,55 pp

*Other Papers and Contributions*

50. 2017 *„Стратегија за мултикултурно разбирање на Општина Куманово* (2017-2021) (дел од стручен тим, Општина Куманово)
51. 2014 *„Родот во телевизиските програми и реклами“* (истражувачка студија, Евро-Балкан, достапна на http://www.avmu.mk/images/Rodot_vo_televiziskite_programi_-_Finalen_izveshtaj.pdf )
52. 2013/2014 *„Социолошки аспекти на образованието“* (прилог во публикација „Образованието во Кумановскиот Регион - од првите училишта до денес)
53. 2012 *„Патот до еднакви можности“* (коавтор, публикација, РЦЛИП Порака Наша, Куманово)
54. 2012 *„Родовите прашања во земјишната администрација...“* (извештај, коавтор, Институт „Евро-Балкан“) достапен на: chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/viewer.html?pdfurl=https%3A%2F%2Fwww.katastar.gov.mk%2Fwp-content%2Fuploads%2Frodova_ednakvost%2FIzvestaj_od_rabotilnicata_Skopje_2012.pdf&clen=357038&chunk=true
55. 2009 *„Бесплатна градинка за најсиромашните!“* (бриф, Македонски Центар за Европско Образование)
56. 2007 *Политичко учество на жената Ромка во Македонија* (истражувачка студија достапна на: http://daja.org.mk/mk/IndexMK.asp (мк) и http://daja.org.mk/en/Home.asp (анг),
57. 2007 *Родова (не)рамноправност во Ромските семејства* (истражувачка студија достапна на: http://daja.org.mk/mk/IndexMK.asp (мк) и http://daja.org.mk/en/Home.asp (анг),
58. 2006 *„Акционен план за Декадата на Ромите на Општина Куманово* (од областа образование) за лицата со посебни потреби“ (дел од стручен тим, Општина Куманово)

**Стручно апликативна и организациско - развојна дејност**

Во изминатиов период, проф. д-р Младеновски бил ангажиран како **Главен истражувач** во десетина истражувачки проекти:

- ***Раководител на истражувачки тим,*** *проект на Civica Mobilitas:*

1. **„Перцепции за семејното насилство- фокус на насилството врз жените во Општина Куманово“**, финансиран од Мултиетничко здружение „Флоренс Најтингејл“ (примерок 350 лица) - 2016 год.

- **Раководител на истражувачки тим,** истражувачки проект:

2. **„Родот во телевизиските програми и реклами“**, финансиран од Совет за радиодифузија на Република Македонија - 2014 год.

- **Раководител на истражувачки тим,** истражувачки проекти „Градиме мултиетнички соживот кај средношколската младина“ и „Родови односи меѓу традицијата и демократијата“ финансирани од USAID и ФООМ:

3. **Младите и меѓуетничките односи** (примерок 350 лица) - 2013/2014 год.
4. **Родовите релации помеѓу традицијата и демократијата** (примерок 600 лица) - 2012 год.,

- **Раководител на истражувачки тим** во рамки на 6 истражувања, финансирани од NOVIB (Холандија):

5. **Following the success of the children from Daja's kindergarten during their inclusion into formal educational process** (примерок 55 лица) - 2010 год.
6. **Утврдување на образовните потреби на ромската популација во Куманово** (примерок 100 лица) - 2008 год.
7. **Политичко учество на жената во Македонија** (примерок 500 лица) - 2007 год.
8. **Ромите и родовата рамноправност** (примерок 100 лица) - 2006 год.
9. **Фактичка состојба на Ромската популација во РМ на 4 полиња** (образование, здравство, економија и џендер) - примерок 4320 лица - 2005 год.
10. **Учество на жената Ромка во политиката** (примерок 1500 лица) - 2004 год.

- **Член на истражувачки тим** во рамки на истражување на Факултетот за правни науки, при ЕУРМ:

11. **Истражување на процесот на менаџирање на примената на процесниот институт спогодување за вина во Република Македонија (**примерок 60 лица**) –** 2017 год.

Во изминатиов период, проф. д-р Младеновски бил ангажиран како **стручен предавач/едукатор** во рамки на повеќе различни настани, трибини и работилници, од кои најзначајни се следниве:

- ***Предавач*** на Training week no.1 на Sapienza University of Rome (Italy), на тема:Ethnicity and perspectives of diversity management in Republic of North M acedonia” (2019), проект “Cultural studies in business”, финансиран од Erasmus + програмата.
- ***Предавач*** на Training week no.2 на University of Beira interior (Portugal), на тема: “Youth and diversity management in the Republic of North Macedonia:

determining the impact of gender and sexual orientation" (2019), проект "Cultural studies in business", финансиран од Erasmus + програмата.

- ***Предавач*** на Erasmus plus проект со Business University College (Albania) на тема: "Youth and Bogardus cale of social distance between Macedonians and Albanians: interethnic and interreligious relations" (2023).
- ***Предавач*** на Erasmus plus проект со Wisdom University (Albania) на теми: "Macedonia and Macedonian -Albanian relations: socio-historical analysis" (2022).
- ***Предавач*** на Erasmus plus проект со Hokaido University (Japan) на теми: "Interethnic relations in Republic of Macedonia - retrospective of an (over) dimensioning" (2019) и "Future of diversity management in North Macedonia: focus on religious aspects" (2020).
- ***Предавач*** *на Multiplayer event* на тема*:* Gender, culture and unpaid work: aspects of Macedonian case (2021), проект "Cultural studies in business", финансиран од Erasmus + програмата.
- ***Предавач*** *на Multiplayer event* на тема*: „*Youth, religion and business relations in N.Macedonia" (2020), проект "Cultural studies in business", финансиран од Erasmus + програмата.
- ***Предавач*** на циклус обуки со наставници од средно образование „Современи концепти на средно образование - новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење" (2021). Организатор: Биро за развој на образованието и CES Academy.
- ***Предавач*** на циклус обуки со наставници од основно образование „Примена на иновативни интегрирани пристапи во наставата " (2022). Организатор: Биро за развој на образованието и CES Academy.
- ***Предавач*** на циклус обуки со наставници од основно образование „Самоевалуација" (2022). Организатор: Биро за развој на образованието и Образовна академија „Виртуал М".
- ***Предавач*** на циклус обуки со наставници од основно образование „Стратегии, методи и техники за работа со надарени и талентирани ученици" (2023). Организатор: Биро за развој на образованието и Образовна академија „Виртуал М".
- ***Предавач*** на обука "Современи методи и ефективна настава" – Професионално усовршување на воспитно - образовниот кадар на наставници во основни училишта (2018-2019). Организатор: Образовна академија „Виртуал М".
- ***Предавач*** на работилница по повод Светскиот ден на борба против наркоманијата на тема: Социолошки аспекти на наркоманијата (2018 год.). Организатор ИПА Асоцијација при Министерство за внатрешни работи.
- ***Модератор/консултант*** на *работилница* за изработка на „Стратегија за мултикултурно разбирање на Општина Куманово„(2016-2017 год.).

Организатор: Асоцијација за демократски иницијативи, проект финансиран од ЕУ.

- ***Предавач*** на *работилница* со родители при ЈОУДГ „Ангел Шајче" на тема: Перспективи на мултикултурализмот во мултиетничките средини: Фокус на Општина Куманово (2017 год.). Организатор: Министерство за труд и социјална политика
- ***Предавач*** на обука „Транспарентност на граѓанските организации" (2021 год.). Организатор: „Нов контакт", финасиран од програмата Civica Mobilitas.
- ***Предавач*** на Летни Академски разговори на тема: „Родова (не)еднаквост во македонски контекст" (2012 год.). Организатор: Универзитет „Евро-Балкан".
- ***Предавач на*** работилница за вработените во Агенцијата за катастар на недвижности на тема „Род и развој: национална и меѓународна перспектива". Организатор: Универзитет „Евро-Балкан". (2012 год.)
- ***Предавач*** на Регионална Конференција на тема: „Можности за соработка" (2011 год.). Финансиер: European Commission
- ***Предавач/модератор*** на 2 тркалезни маси на тема: „Феноменолошки аспекти на семејното насилство во Општина Куманово и институционалното справување со овој феномен" (2011 год.). Финансиер UN WOMEN.
- ***Тренер - едукатор*** на повеќе општествени теми (демократија, девијации, родова рамноправност, меѓуетнички односи) на мултиетнички младински камп "Преку дружење и едукација до соработка" (2007 год.) финансиран од OSCE.
- ***Предавач*** *на трибина* на тема: Социјалниот статус на жените во Општина Куманово: можности и предизвици. (2006 год.) Организатор: Women centre.
- ***Предавач*** *на трибини* со младинци на теми: Социјални девијации (алкохолизам, наркоманија, проституција, криминалитет, вагабондажа и малолетничка деликвенција) организирани во 5 града во Република Македонија (2004-2005 год.). Финансиер OXFAM NOVIB (Холандија)

Во изминатиов период проф. д-р Марјан Младеновски бил активно вклучен во управните и извршните тела на повеќе научни, стручни и граѓански организации:

- Член на стручниот тим на Владата на РМ за изработка на Стратегија „Едно општество за сите"
- Член на Претседателство на Здружение на просветни работници (2019-2023)
- Кооснован и член на Управен Одбор на Институт за наука, уметност, култура и спорт ИНУКС (2017-)
- Член на Секретаријат на Алумни на ECPD UN University for peace (2016-)

- Член на Управен одбор на НВО Порака Наша (2012-2014)
- Претседател на Советодавен одбор на Мултиетничко Здружение „Флоренс Најтингејл“ (2015-)
- Рецензент на меѓународно научно списание „Management – Journal of Contemporary Management Issues“
- Член на Научен одбор на Меѓународна научна Конференција „New directions and challenges in transforming societies through a multidisciplinary approach”
- Член на Научен одбор на Меѓународна научна Конференција „Knowledge - capital of the future“
- Член на Научен одбор на Меѓународна научна Конференција „New knowledge for the new people“
- Член на Научен одбор на Меѓународна научна Конференција „Global challenges and opportunities - future perspectives of developing countries"
- Член на Меѓународна научна Асоцијација “Network for culture and cultural studies”
- Член на Научен одбор на Меѓународно научно списание „International Journal of Recent Research in Arts and Sciences“
- Член на Научен одбор на Меѓународно научно списание „International Journal of Sciences and Arts“

Во периодот 2013-2014 год. проф.д-р Младеновски бил и колумнист на интернет порталот kumanovonews.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатот, д-р Марјан Младеновски има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Марјан Младеновски ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избран во наставно звање професор од научно-истражувачко поле Организациски науки и управување и научна област Бизнис менаџмент, на Висока стручна школа “Хајделберг факултет во Скопје”.

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија и предлага на Матичната комисија на на Висока стручна школа “Хајделберг факултет во Скопје”, кандидатот д-р Марјан Младеновски да го избере во наставно звање на ПРОФЕСОР од научно-истражувачко поле Организациски науки и управување и научна област Бизнис менаџмент.

Рецензиона Комисија<br>
Проф. д-р Гордана Лажетиќ, с.р.<br>
Проф. д-р Благоја Спиркоски, с.р.<br>
Проф д-р Зоран Колев, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ ВО ОБЛАСТА НА БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ НА ВИСОКАТА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 20.03.2024 година, по пријавата на Добринка Демјански за избор во наставно звање предавач од научно-истражувачко поле Организациски науки и управување и научна област Бизнис менаџмент, се состана во следниот состав: Проф. д-р Гордана Лажетиќ, Проф д-р Благоја Спиркоски и Проф д-р Зоран Колев.
Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот Добринка Демјански и го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Од автобиографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот Добринка Демјански е родена на 12.03.1981 година во Берово. Основното обрзование го завршила во Берово. Средното образование го завршила исто така во Берово со континуирано одличен успех. По завршување на средното училиште се запишува на Филолошкиот Факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насока Македонски јазик и американски студии и успешно го завршува во 2004 година и со тоа се стекнува со стручен назив дипломиран филолог по македонски јазик со американски студии (Bachelor of Macedonian language and American studies). За време на студиите се здобива со знаења од областа на филологијата, лингвистиката, балканистиката, словенските и балканските јазици, македонскиот јазик како и со американската литература, култура и цивилизција.
Од март 2003 година до јануари 2004 година, Добринка Демјански волонтира во Институтот за македонски јазик "Крсте Петков Мисирков" во одделението за современ јазик на проктот за подготовка на "Толковниот речник на македонскиот јазик". Од март 2004 до октомври 2017 година работи на позиција Програмски директор во ЗИП Травел, агенција за културна размена на студентски програми и програми за образование. За овој период, Добринка Демјански активно учествува во селекција, координација на програми за културна размена на студенти од Македонија во Соединетите Американски држави и Британија. Во својата работа успешно реалзира и програми за студенти за средно образование во Соединетите Американски држави, како и успешна реализација за размена на студенти на програмите Internship i Professional Career Training во САД и Велика Британија. Добринка Демјански во тој период активно организра и одржува презентации како на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,

Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, Државниот Тетовски Универзитет, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, како и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип така и на приватните фкултети во Скопје.
Во 2010 година се стекнува со Сертификат за положен испит за раководење со туристичка агенција, издаден врз основа на полжен стручен испит на Универзитетот за Туризам и менаџмент во Скопје.
Од октомври 2017 до денес работи во Контекст Образование на позиција Референт за студентски програми за културна размена на студенти, како и организација на јазични курсеви по германски и англиски јазик и студентски програми за работа и патување во Германија и САД. Исто така во својата работна активност е одговорна за комуникација и подесување на апликации и документација за студентски и работни визи во амбасадата на САД, Германија и Велика Британија. Покрај работните задолженија од таа област, Добринка Демјански е одговорна и за подготовка за текстови за објавување на социјалните мрежи како и за ПР текстови.
Од септември 2019 година до денес е активен член и секретар на Ротари клуб Скопје Север. Исто така од 2022 година работи како секретар и на Ротари клуб Скопје Вардар 245, како и на Ротари клуб Скопје Академија. Зема активно учество за реалзиација на многу проекти, форуми, настани и презентации од различни области како што се економија, дигитална трансформација, финансии, образование, екологија и проектна методологија.

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

Добринка Демјански својата истражувачка дејност ја започнува најпрво со истражување и подготовка на студенти за учество на студентки програми за работа, образование и професионална пракса во САД и Германија. Од октмоври 2019 година активно посетува семинари и форуми за обука во областа на бизнис менаџмент и образование.

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

Значајно е да се обележи учеството на кандидатот на истакнатите меѓународни и домашни конференции, семинари и работилници за:

9. На 15 октомври 2006 во Берлин, Германија учествува на Меѓународен семинар за обука за правилата и процедурите за програми за образование и културна размена на студенти во САД со предавачи од САД и Германија;
10. На 15 јануари 2007 е организатор на Саем за компании од САД за вработување на студенти за летна студентска работа и за проефсионална пракса;
11. Во периодот од 2006 до 2008 активен предавач на Универзитетите во Македонија, Косово и Албанија за можностите од програмите за студентска размена во САД;
12. На 15 февруари 2008 година организатор и предавач за обуки и можности за средно образование во САД;
13. На 10 март 2009 предавач и организатор на саем за летни училишта за изучување на англиски јазик во САД и Велика Британија;

14. На 20 јуни 2009 учествува на Меѓународен семинар за образование и студентска културна размена во Балтимор, САД;
15. На 25 јуни 2011 учествува на Меѓународен семинар за образование и студентска културна размена и пракса во Сан Франциско, САД;
16. Во периодот од 2010 до 2019 година секоја година учествува како организатор и предавач на семинари и саеми за организирана пракса за студенти од Македонија во САД. На саемите учествуваат компании од САД каде што се реализра професионалната пракса за размена на студентите;
17. На 02 март 2018 организација и учество на саем за вработување на летна студентска работа во Германија;
18. На 11 ноември 2019 учество на Бизнис форум на тема “Справување со зголемените предизвици во однос на работната сила – можни решенија за компаниите”;
19. На 01 февруари 2019 учествува како организатор на саем за вработување за летна студентска работа во Германија;
20. На 8 декември 2020 посетува предавање на тема „Инвестирање и инвестициски трендови";
21. На 18 јануари 2021 учество на семинар и обука за "Како да го зајакнете вашиот ментален имунитет";
22. На 01 ноември 2021 учествува на презентација и дискусија на тема „Деловно комуницирање и преговарање - употребување на виртуелни комуникациски алатки“;
23. На 15 ноември 2021 учествува на предавање на тема “Новиот закон за заштита на лични податоци";
24. На 06 декември 2021 учествува на предавање на тема „IT cloud решенија и нивна споредба“;
25. На 15 декември 2021 учествува на презентација и обука од областа на “Електронски идентитет како основ за ефикасна дигитална трансформација";
26. На 10 јануари 2022 учесник на работилница на тема “Не можеме да менаџираме, ако не можеме да измериме (People Analytics)", примена на аналитиката во управувањето со човечките ресурси и употреба на резултатите во процес на коучинг за менаџери и лидери;
27. На 24 јануари 2022 учествува на презентација и дискусија на тема „Финансирање на проекти за обновлива енергија - Фокус на финансирање обезбедено од банки“;
28. На 28 март 2022 учесник во работилница на тема “Податоци - новата сурова нафта“;
29. На 04 април 2022 учествува на презентација на тема "Автоматизација на објекти и енергетска ефикасност";
30. На 30 мај 2022 учествува како модератор на Бизнис форум на тема "Дигитализација" со следните панели: "Дигитална транформација во компаниите и примена на дигиталните алатки"; "Дигитална писменост и подготвеност за дигитализација на граѓаните"; "Успешни бизнис приказни, заклучоци и совети";
31. На 12 март 2023 учествува на презентација и дискусија на тема „Јаглеродно оданочување, ЕУ пракса и воведување во Македонија;

32. Во март 2023 посета на обука за финансиска писменост на тема „Паметно со парите“;
33. На 30 мај 2023 учествува како организатор и модератор на Конференција за дигитализација на тема "Вештачка интелигенција"; "Сајбер Безбедност"и "Решение за паметни градови";
34. На 22 ноември 2023 учествува на Форум на тема “Дали сме подготвени за зелена иднина? ESG стандардите како водич за одржлив корпоративен свет;
35. На 23 јануари 2024 посеува обука за Циклус на проект со 3 Модули: Модул 1 “Основи на проект”, Модул 2: “Реализација и контрола на проект”, Модул 3: “Затворање на проект”.

Покрај учеството на големи меѓународни и домашни конференции и семинари, кадидатот има земено активно учество на многу банкарски, менаџерски и бизнис семинари и работилници, каде апликативно го покажува и зајакнува своето знаење.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот, Добринка Демјански има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот Добринка Демјански ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избрана во наставно звање предавач од научно-истражувачко поле Организациски науки и управување и научна област Бизнис менаџмент на Висока стручна школа “Хајделберг факултет во Скопје”.
Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија и предлага на Матичната комисија на Висока стручна школа “Хајделберг факултет во Скопје” кандидатот Добринка Демјански да го избере во наставно звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Организациски науки и управување и научна област Бизнис менаџмент.

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Гордана Лажетиќ, с.р.
Проф. д-р Благоја Спиркоски, с.р.
Проф д-р Зоран Колев, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ПРОФЕСОР ВО ОБЛАСТ БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ НА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 20.03.2024 година, по пријавата на д-р Мирјана Алексова за избор на наставник во звање професор од научно-истражувачко поле Организациски науки и управување и научна област Бизнис менаџмент, се состана во следниот состав: Проф. д-р Гордана Лажетиќ, претседател Проф д-р Благоја Спиркоски, член и Проф д-р Зоран Колев, член.

Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот д-р Мирјана Алексова и го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Од автобиографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот д-р Мирјана Алексова е родена на 26.4.1968 година во Охрид. Основното образование го завршила во Охрид, а средното образование го завршила во Скопје, со континуиран општ одличен успех. Вишата педагошка академија ја завршува во 1990 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", а додипломските студии ги завршува на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски", во 1998 година, исто така на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, каде се стекнува со звањето - дипломиран професор по одделенска настава.

Во 2000 година се запишува на последипломските студии на Институтот за социолошки и политичко-правни науки, при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј"- Скопје, во насоката „Кадровски менџмент", кадешто ги полага сите предвидени испити со просек на студиите 10 (десет), по што изработува магистерски труд на тема "Водството на директорот на училиштето како детерминанта за успешно институционализирање на промените" и по успешната одбрана на трудот на 5.7.2004 година, се стекнува со научен степен- Магистер по кадровски менаџмент.

Во 2016 година, кандидатот се запишува на трет циклус студии /докторски студии, на студиската програма – Надареност и талентираност, на Педагошкиот факултет, Битола, при Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола кадешто ги полага сите предвидени испити со просек на студиите 10 (десет). За време на докторските студии реализира и студиски престој во Љубљана, на Педагошкиот факултет при Универзитетот во Љубљана, под менторство на проф. д-р Мојца Јуришевич. На 19.2.2021 година по успешната одбрана на докторската дисертација на тема "Стандарди за компетенциите на наставниците како фактор

за функционален талент менаџмент во училиштата", а под менторство на проф. д-р Јасмина Старц од Универзитетот во Ново Место од Словенија, се стекнува со научен степен, Доктор на науки од областа на надарените и талентираните.

Од април 1991 година до декември 1993 година. д-р Мирјана Алексова работи како одделенски наставник во ОУ „Наум Охридски" во Скопје, каде основна дејност и е воспитување и образование на ученици во одделенска настава.

Во јануари 1993 година, кандидатот преминува во основното училиште „Лазо Ангеловски" во Скопје, каде работи како одделенски наставник, со основна дејност- воспитување и образование на ученици во одделенска настава и покажува извонредни резултати. Во училиштето работи до септември, 2011 година.

Во септември 2011 година, д-р Мирјана Алексова преминува во основното училиште „Христијан Тодоровски Карпош" во Скопје и во него работи до денес.

Од септември 2011 до ноември 2019 година, кандидатот во училиштето работи како одделенски наставник, каде основната дејност и е воспитување и образование на ученици во одделенска настава.

На 29 ноември 2019 година, д-р Мирјана Алексова е назначена за в.д директор на основното училиште, а по успешно завршениот испит за директори во Државниот испитен центар во август 2020 година, на 20 октомври 2020 година е назначена за директор на основното училиште „Христијан Тодоровски Карпош" во Скопје и на таа позиција е до денес.

**Наставно- образовна и научно истражувачка дејност**

Покрај основната дејност како професор по одделенска настава, д-р Мирјана Алексова својата наставно-образовна дејност ја започнува како предавач и коавтор на материјалот за семинарите/работилниците за „Подобрување на работата на училиштата", во рамките на проектот „Креативна настава и учење"- Фондација Институт Отворено Општество-Македонија, во периодот од месец ноември и декември, 2003 година.

Во 2004 година е избрана за обучувач за два модула од **Програмата за обука на директори на училишта,** во Универзитетот American College Skopje – UACS, како една од акредитираните институции за реализација на обука на директори на училишта. Кандидатот е обучувач за **Воведниот модул**- Квалитет во образованието, тимска работа, промени, менаџмент и водство и за **модулот**-Директорот како педагошки раководител, следење и вреднување, професионален развој, мотивирање.

Во 2005 година е ангажирана како обучувач и Регионален училишен соработник за **Училишно развојно планирање,** од страна на **CFBT** (Centre For British Teachers) и од Министерство за образование и наука во период од 3 години, по претходен ангажман како локален консултант во рамките на пректот од Светска банка (World Bank) „*Модернизација на образованието*", за модулот „*Училишно развојно планирање и училишни грантови*".

Во 2018 и 2019 година, д-р Мирјана Алексова е избрана за обучувач во Државниот испитен центар при Министерството за образование и наука, за модулот „**Луѓето во организацијата**“ за програмата за подготовка и полагање на испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.

Во 2018 и 2019 година, д-р Мирјана Алексова е ангажирана како обучувач во **Институт за бизнис и менаџмент Хајделберг** – Скопје, за интегралната обука на темите „Менаџмент на знаење“ и „Талент менџмент“, „Подобрување на компетенциите на наставниците за ефикасно информирање, комуницирање и едукација на родителите на учениците“, „Менаџментот на знаење како фактор за функционален личен и професионален развој на наставниците“, за програмата за директори на градинки, основни и средни училишта.

Во 2021 година, д-р Алексова е ангажирана како обучувач во Коучинг-Н, на тема: **Менаџмент на знаење** (во рамките на интегралната обука за раководители на објекти на градинки).

Во периодот од 2022 до 2024 година, д-р Мирјана Алексова повторно е избрана за обучувач во Државниот испитен центар при Министерството за образование и наука, за модулот „**Луѓето во организацијата**“ за програмата за подготовка и полагање на испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.

Во февруари 2024 година, д-р Мирјана Алексова е ангажирана како обучувач за интегралната обука за директори на училишта и градинки, на тема
„Значење на професионалниот развој за вработените во училиштата/градинките и менаџмент на знаење“ во организација на Центарот за стручно образование и оспособување (**Center For Vocational Training**) при образовната установа Институтот за бизнис и менаџмент Хајделберг – Скопје, HEIDELBERG FACULTY OF SKOPJE, Heidelberg Skopje BUSINESS SCHOOL

Покрај ангажманите како предавач и обучувач, во 2003 година д-р Мирјана Алексова била ангажирана како надворешен соработник на Бирото за развој на образованието по предметот музичко образование. Во 2004 година била член на комисијата за прегледување тестови за национално оценување, при БРО/МОН. Истата година е избрана за надворешен член-консултант во тимот за следење на состојбите и подобрување на работата на гимназиите „Јосип Броз“ и „Орце Николов“во Скопје, при БРО.

Исто така, таа била и ментор за хоспитација на студенти од Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ и Институтот за педагогија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Д-р Мирјана Алексова е член на Македонската асоцијација за менаџмент (МАМ).

Кандидатот во својата надградба на научно истражувачка дејност се појавува како автор на пилот-проект, рецензент, автор и ко-автор на книги и прирачници и автор на стручни трудови.

Д-р Мирјана Алексова е автор на пилот - проектот „Реализација на курикулумот по основи на демократијата на ситуации во целодневната настава во основното

училиште“ во рамките на ТЕМПУС проектот „Партнерство и демократија“ (Partnership in curriculum development for teacher training in democracy).

Д-р Алексова е ко-автор на книгите:

1. Петковски, К., Алексова, М.,(2004) Водење на динамично училиште, БРО,Скопје; (прво и второ дополнето издание);
2. Петковски, К., Алексова, М.,(2004) Здравствен менаџмент, во издание на Херакли – комерц, Битола;

Кандидатот е автор на трудовите:

1. **„**Функционалната обука на одделенските наставници во основните училишта“, во списанието за педагошки прашања ПРОСВЕТНО ДЕЛО-бр.4
2. „The additional instruction as the most common form of work with gifted students in Macedonia„ на Научниот собир »ULOGA RAZLIČITIH OBOGAĆENIH PROGRAMA ZA RAZVOJ NADARENIH« во Руше, Република Словенија
3. „Влијанието на комуникацијата во воспитно-образовниот процес (The influence of communication on the educational process) Third International Conference “Education across Borders” – Education and Research across Time and Space, Faculty of Education – Bitola/Педагошки факултет-Битола;
4. „Улогата на училишниот советник и неговото влијание на развојот на надарените ученици“, ( The role of the school councellor and their influence in the development of gifted students): International Scientific Conference, Bitola/ Битола, поддржано од Македонската академија на науки и уметности.
5. „Emotional Competencies and Their Meaning for the Professional Development of Teachers“, *IOSR Journal of Research & Method in Education (IOSR-JRME) e-ISSN: 2320–7388, p- ISSN: 2320-737x Volume 12, Issue 1 Ser. V (Jan. – Feb. 2022), 06-09* www.iosrjournals.org
6. „Teachers’ Communication Skills as a Factor For A Good Organizational Climate In The Schools, *IOSR Journal of Research & Method in Education (IOSR-JRME) e-ISSN: 2320–7388, p- ISSN: 2320-737x Volume 12, Issue 3 Ser. III (May. – June. 2022), 53-59* www.iosrjournals.org

Д-р Мирјана Алексова е рецензент:

1. Работна тетратка по граматички вежби за трето одделение, ПРОСВЕТНО ДЕЛО –Скопје
2. Прирачник за развојно планирање на училиштето- Херакли комерц, Битола

Д-р Алексова е автор на Прирачникот за обука на директори, Модул 3- Луѓето во организацијата, Државен испитен центар/МОН.

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

Значајно е да се обележи учеството на кандидатот на истакнатите меѓународни конференции за образование:

36. Прва меѓународна конференција на просветни работници „Наставникот на 21 век", со трудот „Функционалната обука на наставниците во основните училишта", од 23-26.5. 2002 година, Охрид;
37. Учество на меѓународна конференција во рамките на проектите TEMPUS & DIPSIE (Демократијата во основното образование во Европа) 21-23.10.2022 годин, Битола;
38. Учество на меѓународната конференција **ETEN** (European Teacher Education Network) во Гронинген, Холандија, со трудот „***The democracy Project in Macedonia – The realization of the pilot project: Realization of the curriculum of the basics of democracy in whole day education in elementary school***", 13 -16.2.2003 година;
39. Учество на меѓународна конференција/Third International Conference "Education across Borders" – **Education and Research across Time and Space** (1100th Death Anniversary of St. Clement of Ohrid) which will be held at the Faculty of Education – Bitola on 6th-7th October, 2016;
40. Учество на меѓународна конференција/ International Scientific Conference „**The education at the crossroads-conditons, challenges, solution and perspectives**"- 10 th-11 th November 2017, Bitola;
41. Учество на меѓународната научна конференција „Образованието на крстопат - состојби, предизвици, решенија и перспективи",13.9.2017, Битола;
42. Научен собир **»ULOGA RAZLIČITIH OBOGAĆENIH PROGRAMA ZA RAZVOJ NADARENIH«** во Руше, Република Словенија, 8.4.2017 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот, д-р Мирјана Алексова има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Мирјана Алексова ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избрана за наставник во звање професор од научно-истражувачко поле Организациски науки и управување и научна област Бизнис менаџмент на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје".

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија и предлага на Матичната комисија на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје" кандидатот д-р Мирјана Алексова да го избере за наставник во звање ПРОФЕСОР од научно-истражувачко поле Организациски науки и управување и научна област Бизнис менаџмент.

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Гордана Лажетиќ, претседател
Проф. д-р Благоја Спиркоски, член
Проф д-р Зоран Колев, член

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ ВИШ ПРЕДАВАЧ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ОД НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОЛЕ ПРАВНИ НАУКИ ВО НАУЧНА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА ПРИВАТНАТА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА - ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА „ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 170, 171, 172 и 173 од Законот за високото образование и одредбите од Статутот, Рецензионата комисија на седница одржана на 24.07.2024 година, по пријавата на м-р (докторанд) Љубица Крстевска за избор во наставно звање Виш предавач од научно-истражувачко поле Правни науки во научна област Право на Европската Унија, се состана во следниот состав: проф. д-р Иван Бимбиловски, претседател, проф. д-р Методи Хаџи Јанев, член и проф. д-р Синиша Наумоски, член.
Постапувајќи врз основа на член 169, 170, 171, 172 и 173 од Законот за високото образование, Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот м-р (докторанд) Љубица Крстевска и го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Кандидатката Љубица Крстевска (родена Пендароска) е родена на 25.02.1979 година, во Скопје, каде што ги завршила основното образование, и средното образование, во гимназијата "Јосип Броз Тито". Во 2003 година ги комплетирала студиите на Правниот факултет "Јустинијан Први", Скопје, на насоката Меѓународно право, при што се стекнува со стручен назив Дипломиран правник (LL.B) Bachelor of Laws, насока меѓународно право. Како особено истакнат студент и постигнат успех, наградена е со сребрена статуетка "Студент на генерација".
Во март 2011 година ги комплетирала постдипломските студии на Правниот факултет "Јустинијан Први" Скопје, насока меѓународно право, со одбрана на магистерскиот труд "Афирмативните акции во концептот за човековите права", и се стекнала со научен степен Магистер по право од обласа на меѓународното право (Master of Laws LL.M).
По двегодишно стажирање, практична работа и стручна надоградба во адвокатска канцеларија, Љубица успешно го положила правосудниот испит - Министерство за правда на Република Македонија, декември 2006 година.
Во согласност со нејзината работна и научна посветеност кон правото на заштита и управување со лични податоци и приватност, и како резултат на долгогодишното искуство во соодветната сфера, во јуни 2020 година, Љубица успешно го положува и се стекнува со најпрестижниот меѓународен сертификат за информациска приватност – Certified Information Privacy Professional CIPP/E (International Association of Privacy Professionals).
Во текот на нејзината надоградба, меѓу останатото, се стекнува со: Сертификат за успешно комплетирање на "Council of Europe - Schools of Political Studies", 2013 – 2014; Data Governance Certificate, O'Reilly USA; Сертификат за комплетирана

годишна обука "Negotiating Teams in Shadow Training Programme", Foundation Open Society Macedonia, Institute fur Europaische Politik, Germany & Macedonian Centre for European Training 2012-2013; Диплома "Street Law/ Учиме право", Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Правен факултет "Јустинијан Први" Скопје & Младински образовен форум 2002/2003 година; Сертификат за успешно завршување на Програмата за практиканти во Собранието на Република Македонија 2002-2003, Собрание на Република Македонија и Национален демократски институт за надоворешни работи; Сертификат за комплетирање на напредна обука "Countering terrorism in the South East European Region" NATO SPS & Norwich University, 2016; Сертификат за комплетирање на напредна обука "Terrorist use of cyberspace", NATO, Centre of Excellence defence against terrorism, 2014.
Почнувајќи од јануари 2022 година, Љубица е докторанд по Право на Европска Унија и европски интеграции при Правниот факултет "Јустинијан Први" Скопје.
Имајќи го предвид научното звање и научната област што е предмет на овој Извештај, битно е да се напомене дека Љубица има повеќегодишно искуство во наставно-научна дејност, како Соработник/асистент на Правниот факултет при "Европски универзитет - Република Македонија", Скопје.
Од нејзината разновидна домашна и меѓународна кариера, видно од доставената автобиографија и документација, може да се сумираат следните активности: Љубица била Клучен Експерт на повеќе од 20 проекти во сферата на заштита на лични податоци, управување со податоци, приватност, дигитализација и сајбер безбедност, во рамките на ЕУ Хоризонт2020, ЕУ ИПА, Еразмус+ , НАТО СПС, НАТО ПДД, ДЦАФ, OECD, DAI International, TAG International; Соработник и консултант на неколку универзитети во рамки на Хоризонт2020 проекти; Клучен експерт истражувач на United Nations University UNU-EGOV, Portugal; Клучен Експерт за приватност и заштита на податоци на УНИЦЕФ Канцеларија за Европа и Централна Азија Женева; Клучен Правен Експерт - приватност и заштита на лични податоци на Светска банка Париз. Во последните 3 години работела на изготвување на стратешки документи за управување со податоци за неколку државни институции во Саудиска Арабија. Таа е гостувачки предавач на Cyprus University of Technology, Limassol, Cyprus.
Покрај тоа, во период од две години, Љубица била посебен Советник на министерот за надворешни работи на Република Македонија. Таа е обучувач за приватност, дигитализација и управување на податоци во рамки на Институт кој спроведува обуки во регионот на Блиски Исток (Саудиска Арабија, УАЕ, Катар, Оман) и Јордан .
Како тел од екпертски тим, работела на подготовка на неколку закони во Република Македонија, меѓу кои Закон за дигитализација и Закон за безбедност на мрежи и информациски системи, како и на подготовка на анализи, документи за јавни политики, брошури и прирачници за заштита и управување со податоци и приватност, за усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ.
За истакнување е нејзиното активно членство во повеќе меѓународни организации, меѓу кои: Основач и претседател на Националното поглавје на EU Women4Cyber Foundation Brussels; Член и Директор на Совет за Дигитална Трансформација, Хајделберг Институт, Скопје; Експертски член на EITCI Quantum Standard Group European Information Technologies Certification Institute Brussels; Член на претседателството на Евро-Атлантски Совет на Македонија; Заменик Претседател на ADRIATIC COUNCIL, International Organization Ljubljana, Slovenia;

Official Representative and Correspondent of the NATO Memorial Federation for Macedonia NATO Memorial, International Organization; Програмски директор и Член на Советот на Маршал Центар Македонија.
За особени постигнувања во европски рамки, во два наврати (2019 и 2021 година) е прогласена за Cybersec Europe Top50 Women Influencer од истакнат Магазин за сајбер безбедност на Обединетото Кралство.
Напредно ги користи англискиот, италијанскиот и српскиот јазик (ниво Ц1).

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

Наставната и научно истражувачка дејност, кандидатката Љубица најпрво ја остварува како повеќегодишен Соработник/асистент на правниот факултет при Европски Универзитет - Република Македонија, на група предмети: Меѓународно право и Уставно право.

Во рамки на магистерските студии по меѓународно право, Љубица го подготвува и успешно одбранува магистерскиот труд под наслов "Афирмативните акции во концептот за човековите права".
Таа е автор и ко-автор на поголем број стручни трудови, книги, анализи, водичи и други стручни материјали, меѓу кои:

- Прв автор, "Заштита на дигиталната приватност Анализа на легислативата и практиката во Република Северна Македонија и пошироко", Македонско здружение на млади правници и АБА РОЛИ, 2024;
- Прв автор "Документ за јавни политики за подобрување на заштитата на приватноста преку интернет на граѓаните на Република Северна Македонија", Македонско здружение на млади правници и АБА РОЛИ, 2024;
- Автор, "International transfer of personal data between the EU and countries outside the EU", Iustinianus Primus Law Review (2022), 2022;
- Автор, "Processing and international transfer of health data within EU and beyond", International Scientific Conference: EU eHealth law and Public Health, Goce Delchev University Stip, 2022;
- Ко-автор, Handbook "NATO and Western Balkan – Yesterday, Today, Tomorrow" NATO Public Diplomacy Division, NATO PDD, 2021;
- Ко-автор, article "The Impact and the Role of NATO on Political and Security Situation in Macedonia: "Yesterday, Today, Tomorrow", Edited book "Newcomers no More? Contemporary NATO and the Future of the Enlargement from the Perspective of "Post-Cold War" Members "International Relations Research Institute Warshaw", co-publishers: "Jagello 2000-NATO Information Center Prague", "Latvian Institute of International Affairs Riga", in cooperation with "Atlantic Treaty Association", 2015;
- Автор, "Protecting civilians from activities related to cyber conflict while respecting the international human rights law principles", RACVIAC SEE Center for Security Cooperation Compendium 2015;
- Ко-автор, Прирачник за наставници за изучување на заштитата на личните податоци за основно и средно образование во Република Македонија, EU & IBF International, 2013;

- Ко-автор, “Report on the media awareness and the practice of the right of personal data protection and free access to information”, Hulla & Co. Human Dynamics KG;
- Ко-автор, “Брошура и материјал за обука за основите на заштитата на личните податоци во основното и средното образование,”, ЕУ Делегација во Република Македонија и Дирекција за заштита на лични податоци, 2013;
- Ко-автор, “Analysis Report on the state of play in the area of education with comparative experiences from EU and beyond (field of personal data protection)”, Directorate for personal data protection Macedonia, 2013;
- Автор, “Сигурноста и тајноста на личните податоци на граѓаните низ призмата на изборното законодавство на Република Македонија”, Политичка мисла 41” 2013, “Konrad-Adenauer-Stiftung” и “Institute for Democracy Societas Civilis Skopje”;
- Автор, “Малите државите во водите на светската политика”, Политичка мисла 43 2013, “Konrad-Adenauer-Stiftung” и “Institute for Democracy Societas Civilis Skopje”;
- Автор, “Sovereign Equality of states through the prism of admission to membership in International Organizations”, International Summer School Yearbook Sipan 2012, Atlantic Council of Croatia & Center for International Studies Croatia, 2013;
- Автор, “Еднаквост помеѓу индивидуите при остварување на правото на образование”, Списание за теорија и практика на образованието Просветно дело, 2013;
- Автор, Article “How to Stay Safe Whilst Video Conferencing”;

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

Значајно е да се обележи учеството на кандидатката Љубица во својство на предавач, обучувач, клучен говорник, говорник, панелист и модератор на истакнатите меѓународни и домашни обуки, конференции, семинари и работилници за посветени на заштита на податоци, приватност, управување со податоци, дигитализација и сајбер безбедност и пошироко:

1. Обучувач, EC Council CyberTalks вебинар “Data Privacy and Compliance: Data Governance Framework for Effective Data Management”, онлине, февруари 2024;
2. Обучувач, обука “Supporting Systems for GBV Prevention and Protection” GIZ, Аман, Јордан, 2023 и 2024;
3. Обучувач, обука “NATO & EU standards for security sector reforms: The role of data protection”, DCAF, Велес, јуни 2023;
4. Клучен говорник, конференција “Women4Cyber Regional Top Conference 2023”, Women4Cyber Bosnia & Hercegovina, Сараево, март 2023;
5. Клучен говорник, конференција “Сајбер безбедност и дигитална трансформација во балансирана харминија: Копнеж за или достижна реалност”?, Хајделберг Институт и АБИТ, Скопје, декември 2022;
6. Говорник, самит “Indonesia Fintech Summit 2022”, side-event of G20 Bali Summit, Бали, ноември 2022;
7. Клучен говорник, конференција “SMART Balkans”, CRPM, Скопје, јуни 2022;

8. Говорник, самит “Cyber Security Asia 2021 “Building security in an ultra-connected world”, онлине, октомври 2021;
9. Говорник, конференција “Increased participation of women and youth in cybersecurity domain”, OSCE Mission to Bosnia and Hercegovina & Youth Advisory Group, Сараево, октомври 2021;
10. Клучен говорник, конференција “Women in Governance Risk and Compliance Forum “Women supporting Women: Creating a wider circle of women at professional and executive levels”, онлине, октомври 2021;
11. Клучен говорник, обука “NATO Advanced Training Course "Gender mainstreaming in counter-terrorism efforts in Western Balkans", онлине, мај 2021;
12. Предавач, обука “Personal Data Protection in E-Health”, Course: EU E-Health Law and North Macedonia: From current practice to implementation EUEHL”, Универзитет “Гоце Делчев” Штип, Штип, април 2021;
13. Клучен говорник, конференција “DefCamp 2021-Ladies in Cybersecurity” DefCamp 2021;
14. Клучен говорник, конференција “The Future of Cyber Security Western Europe” Conference “Privacy concerns and companies’ data ecosystem: Reflection in the contemporary & post-pandemic mirror”, PSBE Cyber News Group, Манчестер, април 2021;
15. Клучен говорник, конференција “Women back to Work” Conference, WahWoman India, март 2021;
16. Говорник, конференција “Inclusion of the gender perspectives in security sector in North Macedonia” Conference “Women and Cyber Security: Understanding the need of women inclusion in cyber security realm”, Евро-Атлантски Совет на Македонија, Скопје, март 2021;
17. Клучен говорник, конференција “The two sides of cyber coin: Why the cyber world need women & why we, women need to be on board?”, The Institute for Cyber Policy studies, Израел, март 2021;
18. Говорник на подкаст “Разговор за етика на науката за податоци, дигитализација и вештачка интелигенција”, Дата мастерс академија, Скопје, декември 2020;
19. Клучен говорник, конференција “Orange the World by speaking up against cyber violence”, UNDP Kosovo & WIT Albania, Приштина, декември 2020;
20. Клучен говорник, European Women in Technology 2020, Women in Technology World Series, Амстердам, ноември 2020;
21. Предавач и говорник, International Webinar School “Global health crisis and fight against an invisible enemy – NATO readiness and resilience, Euro-Atlantic values, solidarity', Загреб, септември 2020;
22. Клучен говорник, конференција “Albanian Cyber Academy 4th Edition”, National Authority on Electronic Certification and Cyber Security Albania, Тирана, јуни 2020;
23. Клучен говорник, European Commission Connect University Summer School, Брисел, јуни 2019;
24. Клучен говорник, конференција “CyberCentral 2019 Conference”, Qubit, Виена, април 2019;

25. Говорник, конференција “QuBIT conference – University of Cybersecurity”“Data Protection and Privacy in an digital age”, Прага, април 2019;
26. Клучен говорник, конференција “QuBIT conference-Universe of Cybersecurity and Digital Forensics”, Братислава, октомври 2017;
27. Говорник, EU Cybersecurity month “Cyber security challenges for the Government”, “Readiness for Europe 2020”, “T&P Consulting”, “Piperevski & Associates”, “Military Academy “General Mihailo Apostolski Skopje”, “MASIT”, Скопје, октомври 2017;
28. Говорник, Експертска работилница, “Countering Information War – Lessons learned from NATO and partner countries’ GLOBSEC Policy Institute, Братислава, ноември 2016;
29. Панелист, “Regional Euro-Atlantic Camp REACT 2016, Montenegro Different aspects of NATO Membership”, APLHA Centre Niksic, NATO, GLOBSEC Slovakia, Никшиќ, септември 2016;
30. Клучен говорник, “LAWTECH EUROPE CONGRESS 2016 “Electronic Evidence Digital Forensics Cyber Security” Brussels, INsig2, Deloitte, Брисел, ноември 2016;
31. Панелист, конференција “Transnational Security threats: Regional and National Contribution to the Regional Security” Forum, NATO PDD, George C. Marshal European Center for Security Studies, Marshall Center Macedonia, NATO Defence College Rome, Охрид, септември 2018;
32. Предавач, International Summer School “The Role of NATO in the process of stabilization of Western Balkan countries”, NATO PDD, International Institute for Peace Vienna, The Atlantic Council of Croatia, Остров Шипањ, јуни 2018;
33. Предавач, Advanced NATO Training Course “Countering ISIS Radicalisation activities through the cyberspace in the region of South-East Europe” CIRACRESEE, Institute of Information and Communication Technologies Bulgaria & Military Academy “Mihajlo Apostolski“ Skopje, Софија, април 2017;
34. Панелист, форум “NATO and EU cooperation in projecting stability for the Western Balkans”, NATO PDD, George C. Marshall European Center for Security Studies, marshall Center Macedonia, NATO Defence College Rome, Охрид, август 2017;
35. Панелист, конференција “NATO summit in Warsaw: Implication for the Alliance and Western Balkans” Security Forum NATO PDD, NATO Defence College of Rome, Охрид, август 2016;
36. Предавач, “Building a Cyber resilient society in South-Eastern Europe” RACVIAC Centre for Security Cooperation, Загреб, април 2016;
37. Предавач, NATO Advanced Training Course “Terrorist use of cyberspace” Centre of Excellence Defence against terrorism, Turkey & Military Academy “Mihajlo Apostolski”, Охрид, декември 2014;
38. Панелист, конференција “NATO and Regional Stability of Western Balkans Smart Power Approach”, George C. Marshal Center for Security studies & Marshall Center-Republic of Macedonia, Охрид, септември 2013;
39. Предавач, Summer School “European Union – Enlargement”, Center for International Studies Croatia, Hanns Seidel Stiftung, The Atlantic Council of Croatia, Остров Колочеп, август 2012.

40. Expert Interview Ladies in Cybersecurity https://def.camp/ljubica-pendaroska-ladies-in-cybersecurity/;
41. Data Science ethics Talk, Digitalization and Artificial Intelligence Data Masters Company & Academy Skopje (December 2020) https://www.youtube.com/watch?fbclid=IwAR0cVCoAE5BvpF8wLksV6y-qKSeR7AQNZ0I5klOp3cEgpyCPxZNFkCn2gMk&v=s-jmeZEiWdg&feature=youtu.be;
42. Cybersecurity Europe Top50 Women Influencer 2019 SC Media UK https://www.scmagazineuk.com/europe-list-50-women-influence-cyber-security-europe-announced/article/1665376.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот, м-р (докторанд) Љубица Крстевска има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот м-р (докторанд) Љубица Крстевска ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избрана во наставно звање Виш предавач од научно-истражувачко поле Правни науки во научна област Право на Европската Унија на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа „ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ“.

Имајќи го предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија му предлага на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа “ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ“, кандидатот м-р (докторанд) Љубица Крстевска да го избере во наставно звање Виш предавач од научно-истражувачко поле Правни науки научна област Право на Европската Унија на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа “ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ“.

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Иван Бимбиловски, с.р.
Проф. д-р Методи Хаџи Јанев, с.р.
Проф. д-р Синиша Наумоски, с.р.